

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕКТОРОТ НА МСП ЗА 2022

АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Извештајот го подготви Институт за одржливост ЕКОС – Скопје

Главен истражувач: докторанд Македонка Димитрова

Истражувачи: проф. д-р Филип Ивановски, докторанд Надежда Поп-Костова, м-р Сандра

Темова, проф. д-р Елена Бундалеска

Октомври 2023, осовременет декември 2023

Авторските права на овој извештај ги задржува Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија

При користење на информациите од овој документ во целост или на делови од истиот потребно е да се референцира документот на следниот начин:
*Годишен извештај за секторот на МСП за 2022. Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија*

СОДРЖИНА

Извршно резиме ... 8
1. Улогата на ММСП во економскиот развој ... 12
1.2 Стратешка рамка за развој на МСП ... 15
2. Макроекономска состојба во 2022 година ... 20
2.1 Глобална макроекономска состојба ... 20
2.2 Макроекономско опкружување ... 21
3. Правна регулатива ... 27
3.1 Преглед на правна рамка ... 27
3.2 Класификација на претпријатијата ... 29
3.3 Едношалтерски систем ... 31
4. Демографија на претпријатија ... 33
4.1. Активни претпријатија по сектори во 2022 година ... 37
4.2. Бизнис демографија и бизнис динамика ... 41
4.2.1. Демографија на претпријатија според основањето ... 42
4.2.2 Активни претпријатија по општини ... 45
4.2.3 Самостојни извршители на дејност ... 51
5. Трговија ... 53
5.1. Извоз ... 54
5.2. Увоз ... 57
5.3 Електронска трговија ... 59
6. Пазар на труд ... 61
6.1 Вработување ... 61
6.1.1 Вработување по сектори на економска активност ... 66
6.2 Примања ... 67
6.3 Невработеност во Република Северна Македонија ... 68
6.4 Програми за поддршка на вработувањето и претприемништвото ... 73
7. Финансиска состојба и финансирање на МСП ... 78

7.1 Кредитни линии и грантови за развој на МСП ........................................................... 80
8. Зелена економија, општествена одговорност ........................................................... 83
8.1 Зелена економија ........................................................... 83
8.2 Општествената одговорност ........................................................... 84
Користена литература ........................................................... 86

Листа на графици

*График 1. Индексот на политиките за МСП за Република Северна Македонија за 2022 година ... 13*
*График 2. Реален годишен раст на БДП, во проценти ... 20*
*График 3. Стапка на инфлација (крај на период, на годишна основа, во%) ... 22*
*График 4. Основање, промени и бришења на трговски друштва, по години ... 28*
*График 5. Основање, промени и бришења на самостојни вршители на дејност, по години29*
*График 6. Број на активни претпријатија од 2018 до 2022 ... 33*
*График 7. Активни претпријатија по класи на големина според бројот на вработени, 2021 ... 37*
*График 8. Активни и новосоздадени претпријатија според правната форма, 2021 година ... 43*
*График 9. Активни деловни субјекти по плански региони, 2021 година ... 46*
*График 10. Активни деловни субјекти по Плански региони, по големина според бројот на вработени за 2021 година ... 47*
*График 11. Структура на извозот според основните економски категории, 2021-2022 година ... 55*
*График 12. Структура на увозот според основните економски категории, 2021-2022 година ... 57*
*График 13. Структурно учество на безготовинските платни инструменти во вкупната вредност и вкупниот број на плаќањата, 2020 - 2020 година ... 59*
*График 14. Вработени по пол и возрасни групи, 2022 година, квартален преглед ... 63*
*График 15. Структура според статусот во вработеноста во %, по пол, за период 2020 - 2022 година ... 64*
*График 16. Активно население според школската подготовка и полот, 2022 година ... 65*
*График 17. Вработени според секторите на дејност на деловниот субјект во 2022 година ... 66*
*График 18. Просечни нето-плати по сектори (годишни промени, во %) ... 68*
*График 19. Невработени по возрасни групи, 2022 година, по квартали ... 69*
*График 20. Стапка на невработеност, од 2017-2022 година ... 70*
*График 21. Невработени според школската подготовка и старосната структура во 2022 година ... 71*
*График 22. Невработени според должината на невработеноста, по години ... 72*

Листа на табели

Табела 1. Развојни програми за МСП ........................................................................................ 18
*Табела 2. Избор на основни економски показатели за Република Северна Македонија во периодот од 2017 -2022 г.* ............................................................................................................ *23*
*Табела 3. БДП по производен метод, по години (реални стапки на раст)* ............................ *24*
*Табела 4. Бруто-домашен производ според производниот метод, тековни цени (во милиони денари)* .......................................................................................................................... *25*
*Табела 5. Дефиниција за ММСП* .............................................................................................. *30*
*Табела 6. Основни структурни деловни показатели по сектори на дејност, 2022 година.* *35*
*Табела 7. Активни претпријатија по сектори, 2022 година* ................................................. *38*
*Табела 8. Број на активни претпријатија по региони, според сектори од НКД рев. 2, од 2021* ........................................................................................................................................ *40*
*Табела 9. Број на новорегистрирани и згаснати трговски друштва (2020-2023)* ................ *42*
*Табела 10. Активни и новосоздадени претпријатија по сектори на дејност, 2021 година* *44*
*Табела 11. Активни претпријатија по големина и општини во 2021 година* ...................... *48*
*Табела 12. Демографија на занаетчии-самостојни извршители на дејност, 2019-2022 г.* . *52*
*Табела 13. Стоковна размена според основните економски категории* ............................... *54*
*Табела 14. Извоз по економски групации и по земји според секторите на СМТК, 2022 година (во '000 САД долари)* ............................................................................................... *56*
*Табела 15. Стоковна размена според економските групации на земјите, увоз, 2022 година (во '000 САД долари)* ............................................................................................... *58*
*Табела 16. Активно население и стапки на активност, 2021-2022 година* .......................... *62*
*Табела 17. Вработени според статусот во вработеноста, по пол за период 2020 - 2022 година* ...................................................................................................................................... *65*
*Табела 18. Преглед на невработеноста по пол во апсолутни бројки и стапка на невработеност, период од 2017-2022* ........................................................................ *70*

Кратенки

АВРСМ - Агенција за вработување на Република Северна Македонија

АППРСМ – Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија

БДП - Бруто домашен производ

БГП - Бруто годишен приход

Влада - Влада на Република Северна Македонија

ДСЗ – Државен завод за статистика

ИТ – Информатичка технологија

ИПА - Инструментот за претпристапна помош

ЕУ - Европска Унија

ЕФТА - Европската асоцијација за слободна трговија

ЗТД - Закон за трговски друштва

МКД - Македонски денар

ММСП - Микро, мали и средни претпријатија

МСП - Мали и средни претпријатија

НБРСМ – Народна Банка на Република Северна Македонија

п.п. – процентни поени

РСМ - Република Северна Македонија

САА - Спогодбата за асоцијација и стабилизација

УНДП – Развојна програма на Обединетите нации

УСАИД – Агенција за меѓународен развој на С.А.Д.

ФИТР – Фонд за иновации и технолошки развој

ЦЕФТА - Средноевропски договор за слободна трговија

ЦРРСМ - Централен регистар на Република Северна Македонија

Извршно резиме

Македонската економија во 2022 година беше значително забавена како резултат на светската економска и енергетска криза предизвикана од војната во Украина што дополнително влијаше на и онака бавното закрепнување од пандемијата Ковид -19. Овие состојби директно се одразија на работата на МСП, работна сила и како финансиските текови. Новоизбраната Влада како и потпишувањето на протоколот со Бугарија во 2022 година ја поттикнаа стабилноста, и ја приближија државата кон отворање на преговорите за влез во ЕУ што трета да даде позитивни придвижувања во економијата за краток рок.

Бруто домашниот производ бележи стапка од 2.1%, а инфлацијата 14.2% што укажуваат на негативни трендови водени од слабо и несигурно економско опкружување во 2022 година. Деловните субјекти (66.830) во 2022 година вработуваа 435.468 работоспособно население. Реализираа вкупен промет од 2.056.948 милиони денари и додадена вредност од 388.623 милиони денари. Во однос на големината на претпријатијата, доминираа микропретпријатијата со помалку од 10 вработени (91%), а најголемиот дел од нив припаѓаат на секторот трговијата. Преработувачката индустрија има најголемо учество во вкупната додадена вредност со 25.4%, следи секторот трговија на големо и на мало со 21.2%. Годишен раст на нето-платите се идентификува во сите сектори, а најголеми се платите кај дејностите поврзани со објекти за сместување (18.4%), уметност, забава и рекреација (16.4%), преработувачка индустрија (14.6%), трговија (14.2%) кои беа многу погодени за време пандемијата.

Во текот на 2022 година, владините институции, меѓународните организации како и финансискиот сектор продолжија со поддршка за олеснување на последиците од пандемијата за МСП, но и справување со енергетската криза и ценовните шокови.

Но, како што и се наведува во Извештајот на ЕУ за прогресот на државата, но и во стратешките определби на Владата на Република Северна Македонија за периодот од 2024 до 2028, на малите и средните претпријатија ќе треба да им се посвети уште поголемо внимание. Активностите согласно тековните потреби треба да се насочат кон одржлив раст на секторот на ММСП, развој на туризмот, подобрување на конкурентноста, унапредување на занаетчиството, искористување на претприемничкиот дух и знаење на домашните човечки ресурси, како и поттикнување на извозот на македонски производи. Алатките за постигнување раст се, меѓу другите, поддршка на индустријата за инвестиции во развој на иновации за циркуларна економија, промовирање на зелена транзиција преку градење на капацитети и вештини како и целосна дигитализација на општеството.[i] Слично, и според Светска Банка, економскиот раст и конкурентноста ќе зависат од декарбонизацијата на економијата, градењето отпорност од климатски шокови, како и фискалната одржливост.[ii]

Меѓународните институции и донатори присутни во земјата спроведуваат дузина проекти на подобрување на бизнис климата од аспект на транспарентни и отчетни институции, намалување на корупцијата, пристап до финансии и финансиска писменост, но и градење на човечки капацитети за дигитална и зелена транзиција.

Клучни приоритети за конкуренти ММСП во периодот од 2023 до 2030 година:

- Градење вештини за деловно планирање, напредни ИТ алатки и воведување на стандарди кај МСП;
- Придвижување кон циркуларна економија и градење ресурси за зелена транзиција;
- Примена на дигитални алатки во работењето и дигитализација на процесите;
- Финансиска писменост на ММСП и зголемен пристап до финансии;
- Инклузивни ММСП преку намалување на родовиот јаз и вработување на ранливи целни групи; и,
- Поттикнување на иновациска култура и соработка со образовните и истражувачките институции.

## Executive Summary

The Macedonian economy in 2022 slowed down significantly as a result of the global economic and energy crisis caused by the war in Ukraine which further affected the already slow recovery from the Covid-19 pandemic. These conditions directly affected the work of SMEs, workforce and financial flows.

The newly elected Government signed a Protocol of understanding with Bulgaria in 2022, that reflected on stability, and brought the country closer to the opening of negotiations for entry into the EU, which would give positive movements in the economy in the short term.

The gross domestic product recorded a rate of 2.1%, and inflation 14.2%, which indicate negative trends driven by a weak and uncertain economic environment in 2022. In 2022, business entities (66,830) employed 435,468 workers. They realized a total turnover of 2,056,948 million denars and added value of 388,623 million denars. In terms of the size of the enterprises, micro-enterprises with less than 10 employees (91%) dominated, and most of them belong to the trade sector. The processing industry has the largest share in the total added value with 25.4%, followed by the wholesale and retail trade sector with 21.2%. Annual growth of net wages is evident across all sectors, and the highest wages are in the sectors related to accommodation facilities (18.4%), art, entertainment and recreation (16.4%), manufacturing industry (14.6%), trade (14.2%), which were greatly affected during the pandemic.

During 2022, government institutions, international organizations as well as the financial sector continued with support to ease the consequences of the pandemic for SMEs, but also to deal with the energy crisis and price shocks.

However, as stated in the EU Report on the progress of the state towards EU membership, as well as in the strategic path of the Government of the Republic of North Macedonia for the period 2024 to 2028, the focus will be dedicated to the growth of the small and medium-sized enterprises.

The activities according to current needs assessment shall aim at sustainable growth of the MSMEs, development of tourism, improvement of competitiveness, promotion of craftsmanship, capacity building for entrepreneurship and skill of the human resources, as well as encouraging the export of Macedonian products. The tools for achieving growth are, among others, supporting the industry for investments in the development of innovations for circular economy, promoting a green transition through building capacities and skills as well as the full digitalization of society.

Similarly, according to the World Bank, economic growth and competitiveness will depend on the decarbonization of the economy, building resilience from climate shocks, as well as fiscal sustainability.

International institutions and donors currently implement quite few projects to improve the business climate in terms of transparent and accountable institutions, reducing corruption, access to finance and financial literacy, but also building human capacities for digital and green transition.

Key priorities for competitive MSME competitors on the period from 2023 to 2030:

- Building skills for business planning, knowledge of advanced IT tools and support for introduction of standards among SMEs;
- Moving towards a circular economy and building resources for a green transition;
- Application of digital tools in operation and digitization of processes;
- Financial literacy of MSMEs and increased access to finance;
- Inclusive MSMEs by reducing the gender gap and employing vulnerable target groups; and,
- Encouraging innovation culture and cooperation with educational and research institutions.

## 1. Улогата на ММСП во економскиот развој

Микро, малите и средните претпријатија како најбројни во приватниот сектор, се застапени помеѓу 95% и 99% во најголем дел од земјите во светот, и претставуваат значаен сегмент во економиите на развиените, земјите во развој како и во неразвиените држави. Како и во Европската Унија, македонските мали и средни претпријатија се застапени со повеќе од 99% од сите регистрирани претпријатија. Овие претпријатија вработуваат поголема работна сила во споредба со онаа во ЕУ (74% наспроти 64% во ЕУ) и тоа се пресликува во националната додадена вредност (68% наспроти 52% во ЕУ). МСП се многу битен сегмент во националната економија, и потенцијалот за создавање работни места треба дополнително да се идентификува и поттикнува. Развојот на МСП придонесува кон поголема искористеност на локалните ресурси, понатаму, искористеност на слободниот капитал на граѓаните со креирање на нови работни места, оттука, намалување на стапката на невработеност.

Донаторска поддршка за поттик на претприемништвото и развој на секторот на МСП игра клучна улога во економијата на РСМ (Република Северна Македонија). Формалните и неформалните образовни политики, политиката за развој на малите бизниси, меѓу која е и онаа на АППРСМ, индустриската политика, како и политиките за вработување даваат дополнителна поддршка кон претприемничката култура и растот на МСП. Претприемништвото претставува алатка за стимулација на иновација и зголемување на конкурентноста на пазарот преку што се поттикнува растот на БДП (бруто домашен производ), извозот, како и промоција на домашните производи на странските пазари.

Фокусот на Европа е во поддршка на развојот на секторот на МСП во делот на одржлив развој и дигитализација бидејќи 54% од големите компании наспроти 17% од МСП ги дигитализираа своите операции. Понатаму, насоките на ЕУ се кон постигнување на економија која ќе биде климатски неутрална, ќе се заснова на ефикасно користење на ресурсите и ќе реагира брзо на дигитализацијата преку целосна мобилизација на секторот на МСП.

*График 1. Индексот на политиките за МСП за Република Северна Македонија за 2022 година*




*Извор: ОЕЦД 2022*

Битно е да се спомене дека Република Северна Македонија постигна напредок во спроведувањето на Актот за мали бизниси според извештајот за Индексот на политиките за МСП: Западен Балкан и Турција за 2022 година. Најдобро оценети беа услугите за поддршка за МСП, јавни набавки, пристап до финансии, иновациска политика, и интернационализација

на МСП.[iii] Но, иако е блиску до просекот за Западен Балкан, економијата сè уште треба да ги засили своите напори во доменот на претприемничкото учење на сите нивоа и кај сите струки. Понатаму, се потенцира унапредување на соработката на бизнисите со истражувачките и академските институции, како и знаење и вештини за меѓународни сертификати, и оценување на алатките достапни со женски бизниси.[iv]

Според истражувањето на Фондацијата Херитиџ, економска слобода во Северна Македонија изнесува 63.7, што ја позиционира на 56 место. Според овој индекс, економија опаднала за 2 поени во споредба со претходната 2021 година. Во рамките на Европа, Северна Македонија се наоѓа на 32 место од вкупно 44 земји, при што нејзиниот вкупен резултат е над светскиот просек. Динамиката на приватниот сектор е стимулирана од релативната отвореност кон глобалната трговија и инвестициите, но развојот на приватниот сектор е ограничен. Причината се идентификува во присуството на корупцијата и слабата регулаторна рамка за заштита на интелектуалната сопственост.[v]

МСП се од суштинско значење за поттикнување на иновациите во ЕУ, адресирање на клучните предизвици како што се ефикасноста на ресурсите и климатските промени. Тие играат клучна улога во ширењето на иновациите на локално, регионално и меѓународно ниво. За да се одржи нивната влијателна улога, од витално значење е да се поддржат МСП во заштитата на нивните иновации. Истражувањата ја истакнуваат силната позитивна корелација помеѓу сопственоста на правата на интелектуална сопственост и економските перформанси, особено за МСП.[vi] Се заклучува дека додадена вредност создаваат МСП кои поднесуваат пријави за патенти, трговски марки или дизајни, а со ова имаат за 21% поголема веројатност да постигнат висок раст.[vii]

1.2 Стратешка рамка за развој на МСП

Насоките и целите за постигнување повисок економски развој ги дава Владата преку секторот за економски прашања, а понатаму тие се разработуваат во стратешки документи, а задираат во повеќе владини ресори и сектори. За секторот на МСП значајни се неколку стратегии, кои преку акциски планови ги реализираат зададените цели. Во 2022 година актуелни биле следните поважни стратешки документи.

Програма за економски реформи на Владата 2022 -2024[viii]

Мерките во состав на Програмата предвидуваат зголемена поддршка за развој на приватниот сектор и зајакнување на конкурентноста, поддршка на иновативната дејност и технолошкиот развој на претпријатијата. Се планираат реформските мерки:

- Хибриден фонд за зелени и дигитални старт-ап и иновативни МСП (мерка 13); и
- Подобрување на соработката помеѓу академската заедница и индустријата (мерка 17).

Додека, мерките насочени кон Националниот портал за е-услуги се очекува да го намалат административниот и финансискиот товар на бизнисот, со што ќе се влијае на нивната ефикасност во време и ресурси.

Рамка за развој на Република Северна Македонија МКД 2030[ix]

Приоритетите на рамката за развој МКД 2030 идентификувани преку консултативен процес со засегнатите страни вклучуваат забрзан економски раст, поголема заштита на животната средина и енергетски реформи, дигитализација и образование, млади и инклузивен развој.

Со цел да се забрза реалниот економски раст потребни се интервенции во следните области:

- Градење на стратешки пристап за поттикнување на економскиот развој;
- Зголемување на продуктивноста во земјата;
- Подигнување на конкурентноста на националната економија соодветни на конкурентската способност на фирмите;
- Подигнување на стапката на иновации и технолошки развој во земјата;
- Поттикнување на нови инвестиции, на пр. воспоставување на ефективен и ефикасен систем за поттикнување на претприемништвото и занаетчиството);
- Работна сила, на пр. надминување на јазот во однос на специфичните вештини за кои постои побарувачка на пазарот на трудот преку потесна соработка помеѓу образовните институции и компаниите;
- Воспоставување на систем за поефикасно прилагодување на работните места и работната организација на демографските промени, технологијата и климатските промени; и,
- Реализирање на дигиталната агенда на Западниот Балкан и подигнување на нивото на дигитални вештини на работната сила.

Индустриската стратегија на Република Северна Македонија 2018-2027[1]

Визијата на стратегијата цели кон унапредување на индустријализацијата преку стимулирање на растот и развојот на преработувачката индустрија со цел зголемување на

[1] Индустриската политика 2009-2020 подготвена од Министерство на економија на РСМ

продуктивноста, создавање нови работни места, зголемување на приходите и зајакнување на човечкиот капитал, истовремено решавајќи ги предизвиците на циркуларната економија. Понатаму, стратегијата го става фокусот на зголемување на конкурентноста на домашната индустријата и економијата преку пет области на делување, и тоа:

- меѓународна соработка и поттикнување странски директни инвестиции;
- применети истражувања, развој и иновации;
- развој на еколошки производи и услуги за одржлив развој;
- развој на МСП и претприемништво; и,
- Соработка во кластери и мрежи.

Меѓу другите, ги издвојуваме специфичните мерки за развој на МСП и претприемништво:

- поддршка на отворањето нови бизниси преку создавање поволна бизнис клима;
- поттикнување на програмите за доживотно учење за претприемништво; и,
- воведување нови финансиски инструменти за брзо растечките иновативни МСП.

Националната стратегија за МСП 2018-2023[x]

Исто така, од клучно значење за развој на секторот на МСП е и Стратегијата за МСП која е подготвена во согласност со Актот за мали претпријатија на Европската унија. Визијата на стратегија е *МСП да прераснат во двигатели на инклузивниот економски раст во Република Северна Македонија и во создавањето на продуктивни и одржливи работни места.* Стратегијата укажува на фактот дека Министерството за економија обезбедува надзор и лидерство во развојот на секторот за МСП, координирајќи и интегрирајќи ги политиките и програмите со клучните владини министерства, сектори и агенции, како и останатите

засегнати субјекти во опкружувањето. Стратегијата ги има поставено следните цели категоризирани во три пошироки сектори, види Табела 1.

*Табела 1. Развојни програми за МСП*

| СТОЛБ 1 | СТОЛБ 2 | СТОЛБ 3 |
|---|---|---|
| Поволно деловно опкружување | Зголемување и подобрување на можноста за раст на МСП | Динамичен екосистем на претприемништво и иновации |
| ПРОГРАМИ | | |
| Подобрување на креирањето на политиките и координацијата<br><br>Поедноставување на правното и регулаторното опкружување<br><br>Зајакнување и институционализирање на социјалниот дијалог<br><br>Координирање на податоците за МСП и на следењето и оценувањето<br><br>Национална асоцијација на МСП | Подобрување на услугите за деловен развој<br><br>Подобрување на пристапот до финансии<br><br>Олеснување на интернационализацијата<br><br>Поддршка на развојот на вредносниот синџир | Проширување на претприемништвото во образованието и обуката<br><br>Подобрување на науката, технологијата и иновациите во развојот на МСП<br><br>Основање научни и технолошки паркови и инкубатори за иновации |

*Извор: Национална стратегија за МСП 2018-2023*

Стратегија за развој на женско претприемништво 2019– 2023[xi]

Целта на оваа стратегија е зајакнување на женско претприемништво, додека главните цели се економско јакнење на жените преку создавање на поволна бизнис клима и обезбедување поддршка за развој на нивниот претприемнички потенцијал со што ќе придонесе кон развојот на постоечките и отворање на нови претпријатија, креирање на нови работни места, како и градење на претприемачки еко систем за континуиран развој на женско претприемништво.

Стратешки планови и годишни програми на Министерството за економија за 2022

Стратешкиот план на Министерството за економија 2022 -2024[xii], интер алиа, ги потенцира активностите насочени кон создавање на услови за развој на индустријата и кластерското здружување, активно вклучување на македонските претпријатија во мрежата на глобални ланци за набавки и интеграција со единствениот пазар на ЕУ, развој на

претприемништвото, одржливото искористување на минералните суровини, како и развој на туризмот и угостителството преку подобрување на стандардите и на туристичката понуда.

Министерството во Извештајот за работењето во 2022 година[xiii] наведува дека за поддршка на ММСП одвоила средства во износ од 6 милиони денари за финансиска поддршка на 33 занаетчии, субвенционирала трошоци на 23 занаетчии во висина од 1.4 милиони денари. Во рамки на мерките за развој и подобрување на конкурентноста за на македонската индустрија и инвестициска политика поддржале 14 претпријатија во висина од 2.9 мил денари за интернационализација, дигитална трансформација и воведување на стандарди, 10 ентитети биле поддржани со 3.2 мил денари за развој и акредитирање на лаборатории и опрема за лаборатории за унапредување на квалитетот на производите, едно претпријатие поддржано со приближно 200.000 денари за мерка која за прв пат се промовира, а се однесува на подобрување на вредносните синџири во преработувачката индустрија, 12 ентитети поддржани со приближно 800.000 денари за надоместување на трошоци за сертификација и континуирана сертификација на систем за општествена одговорност и управување со човечки ресурси. Во рамки на мерките за поддршка на туризмот спроведени се субвенции за туристички цели за селски домаќинства и женско претприемништво во туризмот.

Мерките се реализираат по претходна објава во Службен весник, а во рамки на Програма за развој на претприемништвото и конкурентноста на мали и средни претпријатија за 2022 година, како и Програмата за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествена одговорност за 2022 година, достапни и веб страницата на министерството.

# 2. Макроекономска состојба во 2022 година

## 2.1 Глобална макроекономска состојба

Во 2022, глобалниот макроекономски контекст беше под влијание на воените дејствија врз Украина што предизвикаа глобални безбедносни прашања и низа економски турбуленции кои предизвикаа зголемување на цените на основните производи на светскиот пазар. Глобалните стапки на БДП се намалија во однос на проценетите, а инфлацијата достигна 8.7% според Меѓународниот монетарен фонд. [xiv]

Растот на бруто домашниот производ на светско ниво беше 3.4% во однос на 6.3% во 2021 година, а во Еврозоната достигна 3.5% во однос на 5.4% во 2021 година како резултат на зголемувањето на цените на енергенсите и примарните прехранбени производи, види График 2.

График 2. Реален годишен раст на БДП, во проценти




*Извор: ММФ/ НБРМ*

Цените на фосилните горива се зголемија повеќекратно во 2022 година, зголемувајќи ги трошоците за електричната енергија, а со тоа предизвикаа повисока инфлација, која најмногу се одрази на Европа.

Промената на цената на електричната енергија ги прошири ценовните притисоци на останатите производи и услуги. За да се справат со ова, централните банки во развиените економии постепено ја затегнаа монетарната политика. Сепак, ризиците за глобалниот раст опстојуваат, со потенцијални предизвици од високата инфлација, геополитичките тензии и турбуленциите во финансискиот сектор. Земјите треба да дадат приоритет на одржлива инфлација и финансиска стабилност. Централните банки мора да се фокусираат на враќање на стабилноста на цените, зајакнување на финансиската супервизија и управување со ризиците. Брзото обезбедување ликвидност и градење фискални алатки за ублажување на последиците се од суштинско значење за справување со потенцијалните пазарни тензии на глобално ниво.[xiv]

## 2.2 Макроекономско опкружување

Во 2020 година, светот се соочи со директните последиците од здравствената криза, додека во 2022 бавното закрепнување од здравствената криза беше попречено од украинската криза. Воената криза во Украина се одрази на домашната економија. Дел од последиците сеуште влијаеа на воспоставување непречено функционирање на синџирите на снабдување кои пак влијаеа на закрепнувањето на индустриското производство.

Инфлациските движења на глобално ниво беа со растечки тренд, што се одрази на македонската економија која е зависна од увозот на суровини за производство и енергенси. Според податоците за инфлацијата во однос на потрошувачките цени, Република Северна

Македонија (18,7%) е двојно на светскиот просек (8,27%) на инфлација, но во наредните години се очекува намалување.

*График 3. Стапка на инфлација (крај на период, на годишна основа, во%)*




*Извор: Евростат и национални заводи за статистика*

Во Табела 2 се прикажани неколку основни економски показатели за домашната економија каде се гледа дека просечната инфлација на кумулативна основа изнесува 14.2%, а во однос на земјите од Западен Балкан, најголема е домашната инфлација. Растот на цените на меѓународните пазари придонесе кон зголемена инфлација и на локално ниво. БДП има очекувана стапка на реален пораст од 2.1%. Стапката на невработеност во 2022 година се намали на досега најниско забележано ниво од 14,4%. Девизните резерви во текот на 2022 година благо се зголемија државата што влијаеше на сигурноста, а како резултат на задолжување на државата на странскиот пазар и повлекување на средства од ММФ.[xv] Надворешната позиција на економијата забележа влоши поради растот на цените и создавањето залихи од компаниите во услови на растечки цени на примарни ресурси и

зголемена неизвесност, со што се влијаеше и на зголемување на трговскиот дефицит. Во услови на енергетска зависност, растот на цените на електричната енергија и природниот гас во 2022 година, резултираше во зголемување на трговскиот дефицит на годишно ниво.

Девизните резерви се задржаа на малку повисоко ниво во споредба со претходните години изнесуваше 3,862 милиони евра во 2022 г. Бруто надворешниот долг на крајот на 2022 година изнесуваше 10.411 милиони евра или 80,7% од БДП, на ниво на претходната година (80,8% БДП), а се должи на намалување на долгот на јавниот сектор при истовремен раст на приватниот долг.[xvi] Според Меѓународниот монетарен фонд (ММФ)[xiv] и домашните експерти, неформалната економија се проценува на приближно 40 отсто од вкупната економија.

*Табела 2. Избор на основни економски показатели за Република Северна Македонија во периодот од 2017 -2022 г.*

| | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| БДП (стапки на реален пораст, во %) | | 2.9 | 3.9 | -4.7 | 3.9 | 2.1 |
| Инфлација (крај на период, на годишна основа, во%) | 2.4 | 0.9 | 0.4 | 2.3 | 4.9 | 18.7 |
| Инфлација (просек, на кумулативна основа, во %) | 1.4 | 1.5 | 0.8 | 1.2 | 3.2 | 14.2 |
| Стапка на невработеност (во %) | 22.4 | 20.7 | 17.3 | 16.4 | 15.7 | 14.4 |
| Буџетски биланс (салдо на централен буџет и фондови, % од БДП) | -2.7 | -1.8 | -2.1 | -8.1 | -5.4 | -4.5 |
| Пондерирани каматни стапки на вкупно дадени денарски кредити (во % на годишно ниво, просек за периодот) | 6.6 | 6.1 | 5.6 | 5.2 | 4.9 | 4.6 |
| Пондерирани каматни стапки на вкупно примени денарски депозити (во % на годишно ниво, просек за периодот) | 2.2 | 2.0 | 1.9 | 1.5 | 1.2 | 1.1 |
| Просечен девизен курс МКД/ЕУР | 61.57 | 61.51 | 61.51 | 61.67 | 61.63 | 61.62 |
| Извоз на стоки (во милиони САД-долари) | 5,683.9 | 6,921.5 | 7,198.3 | 6,636.8 | 8,244.9 | 8,729.4 |
| Увоз на стоки ц.и.ф. (во милиони САД-долари) | 7,730.9 | 9,057.3 | 9,445.8 | 8,715.1 | 11,400.9 | 12,756.8 |
| Трговски биланс (во милиони САД-долари) | -2,047.0 | -2,135.7 | -2,247.5 | -2,078.3 | -3,156.0 | -4,027.4 |
| Директни инвестиции - нето (во милиони САД-долари) | 198.5 | 713.3 | 404.0 | 172.9 | 453.2 | 683.8 |
| Директни инвестиции - нето (% од БДП) | 1.8 | 5.6 | 3.2 | 1.4 | 3.2 | 5.0 |
| Девизни резерви (во милиони евра, крај на период) | 2,336.3 | 2,867.1 | 3,262.6 | 3,359.9 | 3,643.3 | 3,862.9 |
| Бруто надворешен долг (во милиони САД-долари, крај на период) | 8,841.8 | 8,984.2 | 9,124.0 | 10,483.2 | 10,854.1 | 11,508.6 |
| Бруто надворешен долг (во % од БДП) | 73.4 | 73.0 | 72.4 | 78.7 | 80.9 | 82.8 |

*Извор: Министерство за економија, Државен завод за статистика, НБРМ*

Во Табела 3 се прикажани реалните стапки на раст на БДП според производствениот метод од 2018 до 2022 година. Раст во 2022 година се бележи со секторот комуникации и информации (15.1%), градежништво (8.1%), дејностите во врска со недвижен имот (19%), а

помал раст во земјоделството (-5%). Негативен тренд се бележи кај секторите трговија и складирање индустрија (0%) што е за 7.6 п.п. помалку во споредба со 2021 година во која повторно се воспостави туристичката понуда по пандемијата. Потоа негативен раст се идентификува и во секторот на уметност, забава и рекреација и други услужни дејности (8.4%) со пад за 8.8 п.п. во однос 2021 година (17.2%).

*Табела 3. БДП по производен метод, по години (реални стапки на раст)*

| | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| Земјоделство | 8.3 | 0.1 | 2.5 | -8.7 | -5.0 |
| Индустрија | 5.3 | 1.4 | -6.7 | 2.2 | -1.2 |
| Градежништво | -11.0 | 5.5 | -4.0 | -6.0 | 8.1 |
| Трговија; Трансп. и складирање; Угостителство | 5.0 | 6.7 | -10.6 | 7.6 | 0.0 |
| Информации и комуникации | -4.1 | 6.8 | 4.5 | 12.2 | 15.1 |
| Финансиски и дејности на осигурување | 2.6 | 0.4 | -0.1 | -0.1 | -1.4 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 0.1 | 0.2 | 1.1 | 7.0 | 19.0 |
| Стручни, научни и технички дејности; Административни и услужни дејности | 7.9 | 8.0 | -8.7 | 14.5 | 9.2 |
| Јавна управа и одбрана; Задолжително социјално осигурување; Образование; Здравствена и социјална заштита | 2.0 | 5.2 | 3.2 | 4.0 | -7.2 |
| Уметност, забава и рекреација; Други услужни дејност | 6.6 | 9.6 | -22.6 | 17.2 | 8.4 |
| Нето-даноци на производи | 2.6 | 4.4 | -7.2 | 6.8 | 0.8 |
| Бруто-домашен производ | 2.9 | 3.9 | -4.7 | 4.5 | 2.2 |

*Извор: Државен завод за статистика*

Во во додадената вредност. Најголемо учество во додадената вредност со 19.2% во структурата на БДП за 2022 година имаат секторите трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли, транспорт и складирање, објекти за сместување и сервисни дејности со храна, па следуваат индустриските сектори рударство, преработувачка индустрија, енергетика и постапување со отпад со 16.5%. Се воочува дека нема големи промени во додадената вредност во двете години.

се претставени показателите за БДП според производниот метод изразени во тековни цени споредба на учеството на одделните сектори во 2021 и 2022 г. во додадената вредност. Најголемо учество во додадената вредност со 19.2% во структурата на БДП за 2022 година имаат секторите трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли, транспорт и складирање, објекти за сместување и сервисни дејности со храна, па следуваат индустриските сектори рударство, преработувачка индустрија, енергетика и постапување со отпад со 16.5%. Се воочува дека нема големи промени во додадената вредност во двете години.

*Табела 4. Бруто-домашен производ според производниот метод, тековни цени (во милиони денари)*

| Сектор според НКД | Назив | 2021 | 2022 | Структура Distribution | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 2021 | 2022 |
| А | Земјоделство, шумарство и рибарство | 52 137 | 59 473 | 7.1 | 7.4 |
| Б, В, Г и Д | Рударство и вадење на камен; Преработувачка индустрија; Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација; Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 124 273 | 132 366 | 17.0 | 16.5 |
| Ѓ | Градежништво | 40 440 | 46 179 | 5.5 | 5.7 |
| Е, Ж и З | Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли; Транспорт и складирање; Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 143 017 | 154 073 | 19.6 | 19.2 |
| Ѕ | Информации и комуникации | 30 849 | 37 197 | 4.2 | 4.6 |
| И | Финансиски дејности и дејности на осигурување | 22 187 | 22 911 | 3.0 | 2.9 |
| Ј | Дејности во врска со недвижен имот | 75 147 | 91 199 | 10.3 | 11.4 |
| К и Л | Стручни, научни и технички дејности; Административни и помошни услужни дејности | 28 439 | 32 730 | 3.9 | 4.1 |
| Љ, М и Н | Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување; Образование; Дејности на здравствена и социјална заштита | 93 228 | 94 587 | 12.8 | 11.8 |
| Њ, О и П | Уметност, забава и рекреација; Други услужни дејности; Дејности на домаќинствата како работодавачи; дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби | 20 456 | 23 653 | 2.8 | 2.9 |
| **А. Додадена вредност** | | **630 173** | **694 368** | **86.4** | **86.5** |
| Б. Нето-даноци на производи | | 99 272 | 108 773 | 13.6 | 13.5 |
| **БРУТО-ДОМАШЕН ПРОИЗВОД (А+Б)** | | **729 445** | **803 141** | **100.0** | **100.0** |

*Извор: Државен завод за статистика*

# 3. Правна регулатива

## 3.1 Преглед на правна рамка

Работењето на правните субјекти во Република Северна Македонија е регулирано со Законот за трговски друштва и неговите измени и дополнувања (Службен весник на РСМ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18, 239/18, 290/20, 215/21, 99/2022). Закон се уредува видовите трговски друштва, процедурите за основање и регистрација на истите, главнината, правата и обврските, начинот на управување и останатите работи кои се однесуваат на трговските друштва. Низа поврзани закони и подзаконски акти ги регулираат останатите обврски, и тоа:

- Закон за работни односи (Службен весник на РСМ број 62/05)[2]

- Закон за регистрирање на готовински плаќања (Службен весник на РСМ бр. 31/01[3]) и,

- Закон за данок на додадена вредност (Службен весник на РСМ бр. 44/99, изменет и дополнет во 2020).

Според Законот за трговски друштва, разликуваме повеќе форми на здружување односно правни лица кои можат да остваруваат профит меѓу кои трговец, трговско друштво. Трговското друштво има повеќе форми и тоа јавно трговско друштво, командитно друштво, друштво со ограничена одговорност вклучувајќи ДООЕЛ и поедноставено друштво со

---

[2] Измени и дополнувања 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18, 110/19 и 267/2020

[3] Измени и дополнувања 42/03, 47/03, 40/04, 70/06, 126/06, 60/07, 123/07, 88/08, 133/09, 171/10, 185/11, 6/12, 145/12, 79/13, 188/13, 115/14, 156/14, 129/15, 154/2015, 23/16, 11/2018 и 9819

ограничена одговорност, акционерско друштво и, командитно друштво со акции). Регистрирањето на трговските друштва се спроведува во единствен систем на национално ниво, Централен регистар на Република Северна Македонија, чие работење за време на пандемијата значително се дигитализира. Повеќето од барањата за издавање на документи можат да ги реализираат електронски со што се зголемува нивната ефикасност.

Според Централен регистар на Република Северна Македонија (ЦРРСМ), во 2022 година уписи за основање реализирале 7.075 правни субјекти – трговски друштва, малку повеќе од основаните 7.009 во 2021, види График 4.

*График 4. Основање, промени и бришења на трговски друштва, по години*




*Извор: Статистички билтен на Централен регистар 2023, ЦРРСМ*

Во однос на уписите на самостојните вршители на дејност, во 2022 година биле реализирани 693 уписи за основање што е идентично со оние впишани во 2021 година. Во однос на бришењата на субјекти, трендот се зголемува за повеќе од 10%, и од реализирани

760 бришења во 2021 г, расте на 847 во 2022 година, График 5.Регистрирањето на трговските друштва се спроведува во единствен систем на национално ниво, Централен регистар на Република Северна Македонија, чие работење за време на пандемијата значително се дигитализира. Повеќето од барањата за издавање на документи можат да ги реализираат електронски со што се зголемува нивната ефикасност.

Според Централен регистар на Република Северна Македонија (ЦРРСМ), во 2022 година уписи за основање реализирале 7.075 правни субјекти – трговски друштва, малку повеќе од основаните 7.009 во 2021, види График 4.

*График 4График 5. Основање, промени и бришења на самостојни вршители на дејност, по години*




*Извор: Статистички билтен на Централен регистар 2023, ЦРРСМ*

## 3.2 Класификација на претпријатијата

Претпријатијата во РСМ се класифицираат во микро, мали, средни и големи претпријатија, види Табела 5. Според број на вработени *микро претпријатија* се сите кои

имаат помалку од 10 вработени, *мали* се дефинираат претпријатијата со број на вработени од 10-50, *средните* бројат помеѓу 50 и 250 вработени, а како *големи* се класифицираат сите претпријатија со над 250 вработени. Македонската класификација на претпријатија се води од бруто годишниот приход (БГП) каде *микро претпријатија* се сите со еднаков или помал БГП од 50.000 евра, *малите* претпријатија се со еднаков или поголем БГП од 2 милиони евра или годишен обрт (вкупни средства во актива) помал од 2 милиони евра и *средните претпријатија* се со БГП кој е еднаков или повисок од 10 милион евра или годишен обрт (вкупни средства во актива) помал од 11 милиони евра.

*Табела 5. Дефиниција за ММСП*

| **Големина на друштвото** | **ЕУ дефиниција** | **Закон за трговски друштва 2004 г. (Изменет и дополнет 2013 г.)** |
|---|---|---|
| **Микро** | <10 вработени<br>≤ЕУР 2 милиони обрт или биланс на состојба | <10 вработени<br>≤ЕУР 50.000 бруто годишен приход, изразен во МКД |
| **Мало** | 10 до 50 вработени<br>ЕУР 2–10 милиони обрт или биланс на состојба | ≤ 50 вработени, И<br>≥ ЕУР 2 милиони годишен приход, изразен во МКД, ИЛИ<br>< ЕУР 2 милиони годишен обрт (вкупни средства во актива), изразен во МКД |
| **Средно** | <250 вработени<br>≤ЕУР 50 милиони обрт<br>≤ЕУР 43 милиони биланс на состојба | ≤250 вработени, И<br>≥10 милиони ЕУР годишен приход, изразен во МКД, ИЛИ<br>< ЕУР 11 милиони годишен обрт (вкупни средства во актива), изразен во МКД |

*Извор: Национална стратегија за МСП (2018-2023)*

Класификацијата на претпријатијата во Република Северна Македонија се уредува со член 470 од Законот за трговски друштва. Погоре се дадени детални објаснувања (дефиниции) за класификација на претпријатијата според големина согласно домашниот Законот за трговски друштва и оние на Европската унија. Може да се забележи дека во споредба со ЕУ

класификацијата РСМ е усогласена само во однос на бројот на вработени во претпријатијата, но не и во однос на билансот на состојба на претпријатијата.[4]

### 3.3 Едношалтерски систем

Во Република Северна Македонија има поволни услови и поедноставени процедури за основање и водење на бизнис, постапките може да се усложнат за бришење на субјекти, а истите може да се обавуваат лично од основачите, овластени лица или преку овластени агенти. Централниот регистар на Република Северна Македонија како институција овозможува пристап до голема база на податоци за субјектите во Република Северна Македонија и исто така преку едношалтерскиот систем овозможува уписи на субјекти и други податоци од значење на субјектот на упис.

Едношалтерски систем е систем којшто овозможува прием, обработка, дистрибуција и обединет пристап кон податоците определени со закон, запишани во Трговскиот регистар и во Регистарот на други правни лица и другите основни регистри воспоставени со закон од значење за субјектите на упис. Едношалтерскиот систем е насочен кон воспоставување на систем кој го интегрира приемот, обработката, дистрибуцијата на податоците кои се запишуваат во Трговскиот регистар и Регистарот на други правни лица, како и другите основни регистри воспоставени со закон од значење за субјектите на упис.

Преку платформата на ЦРРСМ може да се преземат финансиски информации од обработени годишни сметки, деловни податоци и потврди за субјекти, пакет потврди и информации потребни за учество на огласи за јавни набавки, но и активности за инвестиции

[4] https://ec.europa.eu/eurostat/web/structural-business-statistics/small-and-medium-sized-enterprises

и вложувања. Платформата е поврзана со Електронскиот систем за јавни набавки, и осовременувањето на потребните документи се врши едноставно.

## 4. Демографија на претпријатија

Согласно дефинитивните податоците од Државниот завод за статистика бројот на активните претпријатија во Република Северна Македонија во 2022 година изнесува 66.830 што претставува намалување од 9.4 п.п. активни субјекти во споредба со 2021 година. Во 2021 година, бројот на активни претпријатија изнесува 70.424, во 2020 изнесува 73.061, во 2019 тие бројат 75.914, а во 2018 година 72.315, види График 6. Со оглед на забавувањето на целокупната светската економија и продолжените кризи, намалувањето на бројот на активните претпријатија е очекуван исход. Токму затоа во оваа фаза на кршливост треба да им се помогне на претпријатијата да ги издржат ценовните шокови и промените во начинот на работење, да ги оптимизираат операциите, како и да се менторираат во барање на нови пазари и клиенти со помош на достапните стратешки, но и дигитални алатки.

*График 6. Број на активни претпријатија од 2018 до 2022*




*Извор: Државен завод за статистика, Макстат база*

Во ова поглавје се обработуваат дефинитивни и претходни податоци (проценети) од 2021 и 2022 година кои се на располагање од страна на Државниот завод за статистика и Централниот регистар. Заклучно со 31 декември 2023 година, ДСЗ нема објавено детални статистички податоци и прегледи за деловните субјекти за 2022 година. Методологијата на прибирање и претставување на податоците од ЦРРСМ не е идентична како онаа на ДСЗ и постои дискрепанција во податоците, но и двата извори се веродостојни за прикажување на реалната состојбата за ММСП во земјата.

Деловните субјекти (66.830) во 2022 година реализирале вкупен промет од 2.056.948 милиони денари и додадена вредност од 388.623 милиони денари.[xvii] Вработувале 435.468 работоспособно население, а за вработените издвоиле 196.552 милиони денари за плати на вработените, види Табела 6. Во секторот трговија на големо и на мало е остварен најголем промет од 38.4%, следи секторот преработувачка индустрија со 25.4%, па снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 12.9%, градежништво со 5.6% како и секторот транспорт и складирање со 5.1%. Преработувачката индустрија има најголемо учество во вкупната додадена вредност со 25.4%, следи секторот трговија на големо и на мало со 21.2%, па секторот информации и комуникации со 9.1% и секторот градежништво кој создава 8.7% од вкупната додадена вредност. Во однос на големината на претпријатијата, доминираат микропретпријатијата со помалку од 10 вработени (91.2%), најголемиот дел од нив се од областа на трговијата. Со ангажирани 35.4% од работната сила, тие создале 22.9% од вкупната додадена вредност. Големите претпријатија, кои се најмалку застапени во демографијата на претпријатијата со 0.2%, вработуваат 24.4% од работната сила и создаваат

31.4% од вкупната додадена вредност во рамките на деловниот сектор, од кои на 12% отпаѓаат на преработувачката индустрија.

Сепак, како и во претходните години, носители на економскиот потенцијал и раст се малите и на средните претпријатија со 10 до 249 вработени кои ангажираат 40.2% од вкупната работна сила и создаваат 45.8% од вкупната додадена вредност во деловниот сектор.

*Табела 6. Основни структурни деловни показатели по сектори на дејност, 2022 година*

| Сектори на дејности | | Вкупно вработени | Промет | Додадена вредност по фактор трошок | Трошоци за вработените | Бруто-деловен вишок |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | во милиони денари | | | |
| | **Вкупно** | 435.468 | 2.056.948 | 388.623 | **196.552** | **192.071** |
| Б | **Рударство и вадење камен** | 3.739 | 22.103 | 10.025 | 2.667 | 7.358 |
| В | **Преработувачка индустрија** | 115.671 | 521.993 | 98.571 | 52.768 | 45.803 |
| Г | **Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација** | 8.162 | 265.576 | 23.551 | 6.222 | 17.329 |
| Д | **Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината** | 10.472 | 16.053 | 5.842 | 4.660 | 1.182 |
| Ѓ | **Градежништво** | 31.581 | 114.320 | 33.714 | 13.301 | 20.413 |
| Е | **Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли** | 100.368 | 789.270 | 82.515 | 41.631 | 40.885 |
| Ж | **Транспорт и складирање** | 30.996 | 104.613 | 29.141 | 13.029 | 16.112 |
| З | **Објекти за сместување и** | 23.488 | 28.548 | 9.586 | 7.130 | 2.456 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **сервисни дејности со храна** | | | | | |
| Ѕ | **Информации и комуникации** | 20.697 | 65.509 | 35.502 | 20.516 | 14.986 |
| Ј | **Дејности во врска со недвижен имот** | 2.211 | 7.678 | 4.386 | 1.202 | 3.184 |
| К | **Стручни, научни и технички дејности** | 28.714 | 39.115 | 20.547 | 10.376 | 10.171 |
| Л | **Административни и помошни услужни дејности** | 20.426 | 27.169 | 12.059 | 9.108 | 2.951 |
| М | **Образование** | 3.617 | 3.198 | 1.992 | 1.467 | 525 |
| Н | **Дејности на здравствена и социјална заштита** | 19.341 | 14.201 | 8.489 | 6.724 | 1.765 |
| Њ | **Уметност, забава и рекреација** | 9.440 | 33.936 | 10.886 | 4.376 | 6.510 |
| О95 | **Поправка на компјутери и предмети за лична употреба и за домаќинствата** | 1.100 | 1.236 | 427 | 284 | 143 |
| О96 | **Други лични услужни дејности** | 5.445 | 2.431 | 1.390 | 1.091 | 298 |

*Извор: Државен завод за статистика, Макстат база*

Дефинитивните податоци кои се на располагање за 2021 година, упатуваат на 70.424 активни претпријатија. Од нив, 7.34% се класифицирани како претпријатија кои не известиле навремено или не пријавиле ниту еден вработен, од микро претпријатијата со 1 до 9 вработени се најмногу застапени со 82.53%, малите претпријатија со 10 до 19 се застапени со 4.64%, а оние со вработени од 20 до 49 вработени се застапени со 3.10%, средните претпријатија со 50 до 249 вработени се застапени со 2.06%, и големите претпријатија со повеќе од 250 вработени се најмалку застапени (0.32%), види График 7. Споредено со 2022

година (0.2%) приликите се слични со тренд на намалување на учеството на големите претпријатија во вкупната демографија во 2021 година (0.3%).

*График 7. Активни претпријатија по класи на големина според бројот на вработени, 2021*




*Извор: Државен завод за статистика*

## 4.1. Активни претпријатија по сектори во 2022 година

Според поделбата на претпријатијата по сектори на дејност, прелиминарните податоците за 2022 година[5] покажуваат дека најголем број (21.863) претпријатија спаѓаат во секторот на дејност трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли.[xviii] Застапеноста во проценти на овој сектор изнесува 32.71% од вкупниот број на активни претпријатија. Втор сектор по застапеност е секторот стручни, научни и технички

[5] Секторот А – Земјоделство, шумарство и рибарство не е вклучен во пресметките

дејности со 7.801 претпријатие (11%), па следи преработувачката индустрија со 7.296 активни претпријатија или застапеност од 11.86%, понатаму секторот градежништво е застапен со 8.57% во вкупниот број на претпријатија, секторот транспорт и складирање со 8.41%, а 7.17% од активните претпријатија припаѓаат на секторот објекти за сместување и сервисни дејности со храна, види Табела 7. Општо земено, сите погоре споменати сектори бележат раст во однос на 2021 година од 1.5 п.п. до 5 п.п. Секторот Е бележи раст од 5 п.п., а секторот К од 2.9 п.п.

*Табела 7. Активни претпријатија по сектори, 2022 година*

| Сектори на дејности | | Број на претпријатија | % |
|---|---|---|---|
| | Вкупно | 66 830 | |
| Б | Рударство и вадење камен | 197 | 0.29% |
| В | Преработувачка индустрија | 7 926 | **11.86%** |
| Г | Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 366 | 0.55% |
| Д | Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 264 | 0.40% |
| Ѓ | Градежништво | 5 725 | **8.57%** |
| Е | Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 21 863 | **32.71%** |
| Ж | Транспорт и складирање | 5 623 | **8.41%** |
| З | Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 4 795 | **7.17%** |
| Ѕ | Информации и комуникации | 2 594 | 3.88% |
| Ј | Дејности во врска со недвижен имот | 652 | 0.98% |
| К | Стручни, научни и технички дејности | 8 135 | **12.17%** |
| Л | Административни и помошни услужни дејности | 1 556 | 2.33% |
| М | Образование | 765 | 1.14% |
| Н | Дејности на здравствена  и социјална заштита | 3 081 | 4.61% |
| Њ | Уметност, забава и рекреација | 774 | 1.16% |
| О95 | Поправка на компјутери и предмети за лична употреба и за домаќинствата | 470 | 0.70% |
| О96 | Други лични услужни дејности | 2 044 | 3.06% |

*Извор: Државен завод за статистика*

Во однос на застапеност на претпријатијата по плански региони според секторот на дејност, Скопскиот плански регион има најголема густина на претпријатијата во сите сектори освен во секторот земјоделие, шумарство и рибарство, каде Вардарскиот регион е застапен со 22%, Пелагонискиот регион 21.2% и во Источниот регион 13.7%, види Табела 8. Во секторот рударство и вадење камен втор најактивен регион е Источниот регион со 10.2% од претпријатијата, а следуваат останатите во помало рамномерно учество. Преработувачка индустрија, по Скопскиот регион кој учествува со 32.2% следуваат до двојно помало учество Полошкиот регион со 14.7%, и Источниот со 11.1%. Секторот снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација е доминиран од претпријатијата од Скопскиот регион со 59.8%, а следуваат Полошкиот регион со 8.4% и Источниот регион со 7.6%. Најбројни се претпријатијата од секторот Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината во Скопскиот регион со 31.9%, а следуваат Полошкиот со 13.6% и Пелагонискиот со 11.3%. Во секторот Градежништво доминира Скопскиот регион со 40.4% од претпријатијата, па Полошкиот со 17.8%. Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли е сектор кој бележи најмногу активни претпријатија во Скопскиот регион со 34.2%, а следуваат Полошкиот со 13.1% и Пелагонискиот со 11.7% од претпријатијата. Секторот транспорт и складирање е најгуст во Скопскиот регион со 36.9% претпријатија, а следуваат Вардарскиот со 13%, Пелагонискиот со 11.1%, како и Југоисточниот регион со 10.4% активни претпријатија. Во секторот објекти за сместување и сервисни дејности со храна после Скопскиот регион со 29.4%, најгуст регион со регистрирани претпријатија е Полошкиот регион со 17% и Југозападен со 16.2% претпријатија. Секторот информации и комуникации по Скопскиот регион каде се регистрирани 66.8%

активни деловни субјекти, 6.7% регистрира во Пелагонискиот регион. Дејности во врска со недвижен имот, е сектор кој во Скопскиот регион е застапен со 59.7%, а во останатите региони има рамномерна застапеност. Со 51.9% Скопскиот регион е застапен во секторот за стручни, научни и технички дејности, а следи Пелагонискиот регион со 8.9% претпријатија.

*Табела 8. Број на активни претпријатија по региони, според сектори од НКД рев. 2, од 2021*

| | **Вкупно** | **Вардарски регион** | **Источен регион** | **Југозападен регион** | **Југоисточен регион** | **Пелагониски регион** | **Полошки регион** | **Североисточен регион** | **Скопски регион** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **70424** | | | | | | | | |
| **А. Земјоделство, шумарство и рибарство** | **2342** | **22.0%** | 13.7% | 6.6% | 10.8% | **21.2%** | 7.9% | 5.2% | 12.6% |
| **Б. Рударство и вадење на камен** | **205** | 8.8% | 10.2% | 9.3% | 7.8% | 9.8% | 9.8% | 4.9% | **39.5%** |
| **В. Преработувачка индустрија** | **7778** | 7.3% | 11.1% | 9.6% | 8.0% | 10.3% | **14.7%** | 6.7% | **32.2%** |
| **Г. Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација** | **249** | 4.8% | 7.6% | 4.4% | 6.0% | 6.4% | **8.4%** | 2.4% | **59.8%** |
| **Д. Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината** | **257** | 8.9% | 10.5% | 9.3% | 7.8% | 11.3% | **13.6%** | 6.6% | **31.9%** |
| **Ѓ. Градежништво** | **5441** | 4.6% | 5.0% | 14.1% | 5.7% | 7.0% | **17.8%** | 5.4% | **40.4%** |
| **Е. Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли** | **21869** | 7.3% | 7.8% | 10.5% | 9.3% | 11.7% | **13.1%** | 6.1% | **34.2%** |
| **Ж. Транспорт и складирање** | **5493** | **13.0%** | 8.6% | 7.1% | 10.4% | 11.1% | 7.4% | 5.5% | **36.9%** |
| **З. Објекти за сместување и сервисни дејности со храна** | **4704** | 5.8% | 7.4% | 16.2% | 8.3% | 9.8% | **17.0%** | 6.2% | **29.4%** |
| **Ѕ. Информации и комуникации** | **2330** | 3.2% | 3.8% | 6.0% | 4.8% | **6.7%** | 6.1% | 2.6% | **66.8%** |
| **И. Финансиски дејности и дејности на осигурување** | **441** | 3.6% | 3.4% | **9.3%** | 7.0% | 8.8% | 7.0% | 6.1% | **54.6%** |
| **Ј. Дејности во врска со недвижен имот** | **704** | 3.1% | 7.7% | **7.8%** | 6.1% | 6.8% | 5.5% | 3.3% | **59.7%** |
| **К. Стручни, научни и технички дејности** | **7846** | 6.0% | 5.9% | 7.9% | 6.3% | **8.9%** | 8.6% | 4.5% | **51.9%** |
| **Л. Административни и помошни услужни дејности** | **1492** | 3.6% | 3.5% | 9.5% | 5.0% | 9.4% | **10.5%** | 4.7% | **54.0%** |
| **Љ. Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување** | **272** | 5.9% | **8.5%** | 8.1% | 6.3% | 7.7% | 6.6% | 4.4% | **52.6%** |
| **М. Образование** | **1254** | 6.5% | 7.7% | 8.0% | 6.9% | **12.7%** | 10.0% | 6.7% | **41.5%** |
| **Н. Дејности на здравствена  и социјална заштита** | **3399** | 7.6% | 8.4% | 10.1% | 8.1% | 12.1% | **12.2%** | 6.6% | **34.9%** |
| **Њ. Уметност, забава и рекреација** | **1028** | 6.2% | 5.2% | 7.5% | 6.0% | **10.9%** | 7.5% | 4.9% | **51.8%** |
| **О. Други услужни дејности** | **3320** | 4.2% | 8.3% | 9.4% | 5.0% | 8.1% | **10.1%** | 8.4% | **46.4%** |

*Извор: Државен завод за статистика*

Останатите сектори следат сличен тренд на голема концентрација во Скопскиот регион со рамномерен број на претпријатија кои делуваат во останатите седум регион освен во секторот

дејности на здравствена и социјална заштита, каде Скопскиот е застапен со 34%, па Полошкиот со 12.2%.

Оваа анализа ни покажува дека претпријатијата доминираат во Скопскиот регион во речиси сите сектори со мали отстапувања, затоа има потреба од спроведување на програми и планови за поттикнување на бизнисмените да основаат компании во останатите плански региони, а и самите плански региони и локалните самоуправи кои работат на поттикнување на економскиот развој да ги привлекуваат бизнисмените со алатки за поддршка и стимулација за отворање и развој на бизниси.

## 4.2. Бизнис демографија и бизнис динамика

Развојот на дигиталните алатки, но и на вештачката интелигенција, како и зголемената побарувачка на глобално ниво поради прираст на светското население бараат фирмите брзо да се прилагодат кон пребирливите потрошувачи, нивните потребите и новите начини на комуникација. Бизнис моделите се под притисок да се променат кон одржливи и зелени. За да останат конкурентни, дел од претпријатијата се принудени да иновираат, а особено сегментот на ММСП. Владата и донаторите континуирано пласираат програми за поддршка на претпријатијата и претприемачите со цел да го поддржат нужниот развој. Следењето на бројот на основани, видопроменети и новосоздадени претпријатија е основен показател за потреби од континуирани или ад хок мерки како што беа мерките за излез од кризата предизвикана од пандемијата на вирусот Ковид-19. Овој дел од анализата на демографијата на претпријатијата се задржува токму на овој битен елемент за понатамошен развој на соодветни програми за поддршка на деловниот сектор.

4.2.1. Демографија на претпријатија според основањето

Во Табела 9 е прикажан бројот на новорегистрирани трговски друштва во период од 2020 до 2023 година, каде може хронолошки да се разгледаат промените. Се забележува се во пост-Ковид периодот има тенденција за зголемување на бројот на уписи на основање на трговски друштва, така во 2021 година се зголемил бројот за повеќе од 20% во споредба со 2020 година кога биле внесени 5.772 уписи за основање. Овој тренд продолжува и во 2022 година со новозапишани 7.055 трговски друштва, но за жал податоците од 2023 година укажуваат на реверзибилен тренд, како резултат на светската криза.[xix] Од друга страна пак бројот на згаснати трговски друштва во 2023 година изнесува 3.370 и е најмал во споредба со претходните три години и укажува на стабилизација на пазарните прилики во услови на продолжени кризни периоди.

*Табела 9. Број на новорегистрирани и згаснати трговски друштва (2020-2023)*

| | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|
| Број на уписи на основање | 5.772 | 7.009 | 7.055 | 6.997 |
| Број на уписи на промени | 12.929 | 17.162 | 16.392 | 15.152 |
| Број на уписи на бришења | 5.373 | 5.893 | 5.693 | 3.370 |

*Извор: Централен регистар на РСМ*

Конечните податоци за демографијата на претпријатијата за 2021 година според видот на сопственоста или организационио облик (График 8), упатува дека најголем број од активните претпријатија се регистрирани како друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво (72,6%), а трендот е сличен и кај новосоздадените претпријатија кои учествуваат со 85.4% во вкупниот број на новосоздадени претпријатија. Активните

претпријатија основани во форма на трговец поединец или физичко лице самостоен вршител на дејност се застапени со 14.2%, а новосоздадените од овој облик со 12.2%. Значително помалку се застапени останатите форми на претпријатија, како што се командитно друштво, стопанска интересна заедница, командитно друштво со акции, заштитно друштво како и подружница на странско друштво. Активните претпријатија од овие облици се застапени со 6.6%, додека новоосnованите со 2.4% што бележи значително намалување на и онака малиот број на вакви претпријатија.

*График 8. Активни и новосоздадени претпријатија според правната форма, 2021 година*




*Извор: Државен завод за статистика*

Интересен е и приказот на активни и новосоздадени претпријатија по сектори на дејност прикажан во **Error! Not a valid bookmark self-reference.**. Како што и погоре споменавме, најмногу активни претпријатија има во секторите трговија на големо и мало; поправка на

моторни возила и мотоцикли (33.2%), потоа во секторот стручни, научни и технички дејности (11.9%), како и преработувачката индустрија (11.8%).

*Табела 10. Активни и новосоздадени претпријатија по сектори на дејност, 2021 година*

| Сектори на дејност | | Активни претпријатија | Новосоздадени претпријатија | Новосоздадени претпријатија, % од активните |
|---|---|---|---|---|
| | | 100.0 | 100.0 | 9.1 |
| | **Деловна економија/ вкупно Б-Л** | **89.3** | **91.9** | **9.3** |
| Б | Рударство и вадење на камен | 0.3 | 0.3 | 7.8 |
| В | Преработувачка индустрија | 11.8 | 11.3 | 8.6 |
| Г | Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 0.4 | 0.7 | 16.3 |
| Д | Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 0.4 | 0.3 | 7.5 |
| Ѓ | Градежништво | 8.3 | 11.0 | 12.1 |
| Е | Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 33.2 | 29.9 | 8.1 |
| Ж | Транспорт и складирање | 8.3 | 7.6 | 8.2 |
| З | Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 7.1 | 11.2 | 14.3 |
| Ѕ | Информации и комуникации | 3.5 | 5.3 | 13.7 |
| И | Финансиски дејности и дејности на осигурување | 0.7 | 0.3 | 4.5 |
| Ј | Дејности во врска со недвижен имот | 1.1 | 0.9 | 7.5 |
| К | Стручни, научни и технички дејности | 11.9 | 10.5 | 8.0 |
| Л | Административни и помошни услужни дејности | 2.2 | 2.7 | 10.8 |
| М | **Образование** | **1.1** | **0.8** | **6.4** |
| Н | **Дејности на здравствена и социјална** | **4.7** | **1.6** | **3.1** |
| Њ | **Уметност, забава и рекреација** | **1.1** | **1.6** | **12.7** |
| С | **Други услужни дејности** | **3.8** | **4.1** | **9.8** |

[1)] Секторите на дејност А, Љ, П и Р се исклучени

*Извор: Државен завод за статистика*

Слично на овој тренд, но и позитивни придвижувања во некои сектори, најмногу новосоздадени претпријатија има во секторите трговија на големо и мало; поправка на моторни возила и мотоцикли (29.9%), потоа во секторот преработувачката индустрија (11.3%),

следи секторот објекти за сместување и сервисни дејности со храна (11.2%), градежништво 11%, и секторот стручни, научни и технички дејности (10.5%). Секторите градежништво и објекти за сместување и сервисни дејности со храна се актуелизираат по стабилизација на кризата во економијата и зголемената побарувачка на туристи во РСМ.

### 4.2.2 Активни претпријатија по општини

Во поглавјето 4.1 од овој Извештај ги обработуваме податоците за претпријатијата во однос на планските региони и секторот на делување, а тука ќе се задржиме на вкупниот број на претпријатија по региони. Демографските податоци за регионите во кои работат претпријатијата се од големо значење и служат како индикатор за распределбата и густината на активните деловни субјекти во различни подрачја. Конечните податоци покажуваат дека најактивен по Скопскиот регион (39%) е Полошкиот регион (12%), но трикратно помалку активен, види График 9. Следи Пелагонискиот регион (11%), Југозападниот регион (10%), источниот и Југоисточниот со по 8% густина на активни претпријатија, па Вардарскиот регион (7%) и Североисточниот со најмала густина на активни претпријатија од 6% во вкупниот број на активни претпријатија. Битно е да се спомене дека во оваа статистика не се земаат предвид бизнисите кои се дел од сивата економија, а кои може да влијаат на официјалната демографија.

Масовно иселување од источните делови на Северна Македонија кон Скопскиот регион или надвор од државата придонесуваат за ваквата состојба, затоа планските региони имаат клучна задача за зголемување на прирастот на населението и задржување на новите генерации бизнисмени во нивните родни места. Исто така, концентрацијата на слободните

економски зони во Скопскиот регион и поволната транспортна инфраструктура го прави овој регион попривлечен за бизниси и инвестиции, па распространувањето на зоните низ земјата и забрзаното подобрување на инфраструктурата може да доведе до порамномерен развој во наредните години.

*График 9. Активни деловни субјекти по плански региони, 2021 година*




*Извор: Државен завод за статистика, Макстат база*

Гледано од аспект на планските региони и вработувањето по големина според бројот на вработените, дефинитивните податоци покажуваат дека микро претпријатијата со 1 до 9 вработени се најзастапени во Полошкиот регион (91.1%), па следи Југозападен (88.8%), Пелагониски (86.6%), Североисточен регион (86.2%), Вардарски регион (85.6%), Југоисточен регион (82.6%), Источниот регион (82.2%), како и Скопскиот регион со најмалку микро претпријатија од 76.3% во однос на останатите плански региони, но во апсолутна бројка тие

се во најголем број токму во овој регион. Најзастапени се претпријатијата со 10 до 19 вработени во 4.5% во Скопскиот регион, како и со 20 до 49 вработени во Источниот регион со 4.8% во споредба со сите региони. Средни претпријатија со вработени од 50 до 249 вработени најмногу се застапени во Источниот регион (3%), а ова се должи на густината на конфекциските компании кои најчесто се со оваа големина. А во планските региони каде има големи фирми од надворешни инвеститори се распределени и големите фирми во однос на останатите региони, и тоа Скопскиот (0.5%), Пелагониски (0.3%) и Источен регион(0.3%), види График 10. Оваа демографија може да биде од корист при планирање на поддршка за претпријатијата од разни големини преку центрите за поддршка на АППРСМ.

*График 10. Активни деловни субјекти по Плански региони, по големина според бројот на вработени за 2021 година*




*Извор: Државен завод за статистика, Макстат база*

Во Табела 11 детално е прикажан бројот на активните субјекти по големина и општини во Република Северна Македонија за 2021 година. Најголема густина на активни претпријатија има во Велес (1.679) и Кавадарци (1.629) од Вардарскиот регион.  Од Источниот регион најмногу активни субјекти има во Штип (1.783) и Кочани (1.309). Од Југозападен регион најмногу активни субјекти има во Охрид (2.541) и Струга (2.080). Во Југоисточен регион најмногу активни субјекти има во Струмица (2.303) и Гевгелија (1.143).  Во Пелагонискиот регион бизнис центри се Битола (3.556) и Прилеп (2.556). Општините Тетово (3.699) и Гостивар (2.502) имаат најгуста бизнис инфраструктура во Полошкиот регион. Во Североисточниот регион доминира Куманово со 3.010 активни деловни субјекти додека други општини имаа значително помалку претпријатија. Урбаните општини како што се Центар (6.971), Карпош (4149), Аеродром (3.586), Кисела Вода (2.817) и Гази Баба (2.634) од Скопскиот регион доминираат со бројот на активни деловни субјекти. Заклучокот е дека најголем број на претпријатија се лоцирани во општините во Скопскиот плански регион. Понатаму, следуваат општините Тетово, Битола и Куманово. Овие податоци упатуваат на итни политики за дисперзија на претпријатијата од Скопскиот регион кон останатите региони.

*Табела 11. Активни претпријатија по големина и општини во 2021 година*

| | Вкупно | **0** | **1-9** | **10-19** | **20-49** | **50-249** | **250 +** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | **70424** | **5171** | **58124** | **3268** | **2186** | **1449** | **226** |
| Вардарски регион | **5170** | **270** | **4424** | **219** | **146** | **100** | **11** |
| Велес | 1679 | 66 | 1472 | 60 | 43 | 34 | 4 |
| Градско | 61 | 3 | 49 | 4 | 3 | 2 | - |
| Демир Капија | 91 | 8 | 71 | 4 | 6 | 2 | - |
| Кавадарци | 1629 | 109 | 1348 | 90 | 45 | 31 | 6 |
| Лозово | 46 | 6 | 38 | - | 2 | - | - |
| Неготино | 729 | 38 | 608 | 40 | 27 | 16 | - |
| Росоман | 114 | 7 | 98 | 6 | 2 | 1 | - |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Свети Николе | 734 | 31 | 662 | 14 | 12 | 14 | 1 |
| Чашка | 87 | 2 | 78 | 1 | 6 | - | - |
| **Источен регион** | **5457** | **308** | **4487** | **263** | **219** | **166** | **14** |
| Берово | 375 | 21 | 325 | 11 | 10 | 8 | - |
| Виница | 494 | 23 | 408 | 22 | 20 | 19 | 2 |
| Делчево | 512 | 28 | 421 | 23 | 23 | 17 | - |
| Зрновци | 48 | 3 | 37 | 3 | 4 | 1 | - |
| Карбинци | 72 | 5 | 53 | 9 | 4 | 1 | - |
| Кочани | 1309 | 71 | 1087 | 61 | 57 | 32 | 1 |
| Македонска Каменица | 192 | 3 | 179 | 3 | 4 | 2 | 1 |
| Пехчево | 136 | 13 | 108 | 9 | 4 | 2 | - |
| Пробиштип | 419 | 5 | 392 | 2 | 10 | 9 | 1 |
| Чешиново - Облешево | 117 | 7 | 98 | 5 | 5 | 2 | - |
| Штип | 1783 | 129 | 1379 | 115 | 78 | 73 | 9 |
| **Југозападен регион** | **7021** | **325** | **6176** | **245** | **154** | **109** | **12** |
| Вевчани | 94 | 2 | 83 | 4 | 4 | 1 | - |
| Дебар | 516 | 11 | 481 | 11 | 6 | 6 | 1 |
| Дебарца | 116 | 8 | 98 | 4 | 4 | 2 | - |
| Кичево | 1418 | 49 | 1302 | 27 | 16 | 23 | 1 |
| Македонски Брод | 143 | 7 | 124 | 3 | 5 | 3 | 1 |
| Охрид | 2541 | 194 | 2096 | 128 | 74 | 42 | 7 |
| Пласница | 43 | 1 | 37 | 1 | 2 | 2 | - |
| Струга | 2080 | 52 | 1889 | 65 | 43 | 29 | 2 |
| Центар Жупа | 70 | 1 | 66 | 2 | - | 1 | - |
| **Југоисточен регион** | **5597** | **347** | **4625** | **289** | **217** | **107** | **12** |
| Богданци | 247 | 20 | 201 | 9 | 13 | 4 | - |
| Босилово | 235 | 4 | 202 | 15 | 10 | 4 | - |
| Валандово | 330 | 21 | 262 | 20 | 17 | 9 | 1 |
| Василево | 183 | 11 | 152 | 7 | 11 | 2 | - |
| Гевгелија | 1143 | 88 | 926 | 60 | 38 | 28 | 3 |
| Дојран | 108 | 2 | 91 | 6 | 8 | 1 | - |
| Конче | 64 | 3 | 57 | 2 | 1 | 1 | - |
| Ново Село | 191 | 19 | 146 | 12 | 8 | 4 | 2 |
| Радовиш | 793 | 25 | 701 | 32 | 23 | 10 | 2 |
| Струмица | 2303 | 154 | 1887 | 126 | 88 | 44 | 4 |
| **Пелагониски регион** | **7417** | **330** | **6423** | **306** | **201** | **132** | **25** |
| Битола | 3556 | 170 | 3060 | 157 | 87 | 71 | 11 |
| Демир Хисар | 203 | 8 | 175 | 7 | 8 | 4 | 1 |
| Долнени | 177 | 8 | 157 | 1 | 7 | 4 | - |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Кривогаштани | 117 | 5 | 100 | 7 | 4 | 1 | - |
| Крушево | 186 | 6 | 165 | 5 | 8 | 2 | - |
| Могила | 146 | 3 | 138 | 1 | 4 | - | - |
| Новаци | 71 | 4 | 65 | - | 1 | 1 | - |
| Прилеп | 2556 | 105 | 2227 | 108 | 63 | 41 | 12 |
| Ресен | 405 | 21 | 336 | 20 | 19 | 8 | 1 |
| **Полошки регион** | **8460** | **169** | **7705** | **306** | **173** | **100** | **7** |
| Боговиње | 439 | 4 | 402 | 19 | 10 | 4 | - |
| Брвеница | 321 | 10 | 284 | 10 | 12 | 4 | 1 |
| Врапчиште | 440 | 4 | 419 | 6 | 6 | 5 | - |
| Гостивар | 2502 | 43 | 2321 | 79 | 35 | 23 | 1 |
| Желино | 349 | 11 | 310 | 12 | 8 | 7 | 1 |
| Јегуновце | 179 | 6 | 159 | 8 | 3 | 3 | - |
| Маврово и Ростуша | 132 | 7 | 108 | 3 | 9 | 5 | - |
| Теарце | 399 | 5 | 371 | 14 | 5 | 4 | - |
| Тетово | 3699 | 79 | 3331 | 155 | 85 | 45 | 4 |
| **Североисточен регион** | **4084** | **184** | **3522** | **177** | **122** | **74** | **5** |
| Кратово | 198 | 9 | 167 | 5 | 13 | 4 | - |
| Крива Паланка | 542 | 23 | 474 | 24 | 9 | 12 | - |
| Куманово | 3010 | 137 | 2595 | 135 | 85 | 53 | 5 |
| Липково | 247 | 8 | 219 | 10 | 7 | 3 | - |
| Ранковце | 45 | 3 | 37 | 1 | 3 | 1 | - |
| Старо Нагоричане | 42 | 4 | 30 | 2 | 5 | 1 | - |
| **Скопски регион** | **27218** | **3238** | **20762** | **1463** | **954** | **661** | **140** |
| Аеродром | 3586 | 456 | 2801 | 179 | 84 | 58 | 8 |
| Арачиново | 108 | 12 | 88 | 3 | 3 | 2 | - |
| Бутел | 1392 | 137 | 1050 | 91 | 64 | 48 | 2 |
| Гази Баба | 2634 | 230 | 2053 | 155 | 118 | 66 | 12 |
| Ѓорче Петров | 1487 | 152 | 1215 | 63 | 32 | 24 | 1 |
| Зелениково | 68 | 9 | 51 | 4 | - | 3 | 1 |
| Илинден | 628 | 25 | 483 | 47 | 39 | 22 | 12 |
| Карпош | 4149 | 579 | 3096 | 228 | 143 | 87 | 16 |
| Кисела Вода | 2817 | 354 | 2192 | 134 | 84 | 46 | 7 |
| Петровец | 204 | 20 | 148 | 16 | 14 | 6 | - |
| Сарај | 556 | 27 | 468 | 29 | 19 | 12 | 1 |
| Сопиште | 127 | 19 | 98 | 6 | 3 | 1 | - |
| Студеничани | 261 | 17 | 214 | 16 | 10 | 4 | - |
| Центар | 6971 | 983 | 4948 | 426 | 295 | 241 | 78 |
| Чаир | 1825 | 186 | 1524 | 49 | 32 | 34 | - |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Чучер - Сандево | 188 | 14 | 147 | 11 | 11 | 4 | 1 |
| Шуто Оризари | 217 | 18 | 186 | 6 | 3 | 3 | 1 |

*Извор: Државен завод за статистика*

### 4.2.3 Самостојни извршители на дејност

Самостојните вршители на дејност или трговци поединци, исто така, играат битна улога во вкупната економската активност бидејќи и тие можат да остваруваат профит. Централниот регистар бележи податоци за оваа форма на деловни субјекти и разликува неколку дејности и тоа слободни уметници, занаетчии, адвокати, нотари, земјоделци и останати слични дејности. Во 2020 година имало регистрирано 12.103 самостојни вршители на дејност, во 2021 имал благ раст на 12051 регистриран, за во 2022 година да падне под нивото од 2020 година на 11.942 субјекти.[xix]

Во однос на занаетчиите, како една од формите на самостојни вршители на дејност, заклучно со 2023 година имало вкупно 5.643 активни субјекти, во 2022 година имало 5.676, во 2021 година 5.682, а во 2020 година имало најмногу активни занаетчии во однос на целиот период од 2019 до 2023 година, и тоа 6.082, види Табела 12. До 2022 година новорегистрираните занаетчии се зголемувате, но нагорниот тренд трае до 2023 година кога се намалува оваа бројка. Иако, овој облик на претпријатија се карактеризира со одредена флексибилност, брза адаптација и поедноставен начин на раководење, сепак ограничувањата како што се расположливост на финансии, недостаток од квалификувани човечки ресурси особено потребни за процесот на наследување на старите занаети, како и евтините замени на производите од Кина достапни на локално се дополнително оптеретување за опстанок на оваа специфична дејност.

*Табела 12. Демографија на занаетчии-самостојни извршители на дејност, 2019-2022 г.*

| | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|
| Активни субјекти по организационен облик | 5.688 | 6.082 | 5.682 | 5.676 | 5.643 |
| Број на уписи на основање | 494 | 423 | 508 | 588 | 544 |
| Број на уписи на промени | 984 | 989 | 344 | 297 | 276 |
| Број на уписи на бришења | 399 | 429 | 514 | 591 | 513 |

*Извор: Централен регистар на РСМ*

Влада во соработка со занаетчиските комори и занаетчиите, креираат политики за развој на занаетчиството како стопанска гранка и континуирано се спроведуваат мерки за поттикнување на овие мали економски субјекти на годишно ниво. Занаетчиските комори континуирано вршат обуки и се трудат да ги поддржат занаетчиите, но и да лобираат за нивна поддршка пред Владата.

# 5. Трговија

Република Северна Македонија својата трговска политика ја темели на неколку мултилатерални договори за слободна трговија како се Средноевропски договор за слободна трговија (CEFTA), Спогодбата за асоцијација и стабилизација (SAA) потпишана со земјите-членки на ЕУ од аспект на трговија и на инвестиции и Европската асоцијација за слободна трговија (EFTA) чии што членови се Швајцарија, Норвешка, Исланд и Лихтенштајн. Значаен договор за Република Северна Македонија е трговскиот договор ЦЕФТА, склучен помеѓу Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија, Молдавија, Србија, УНМИК во име на Република Косово и Црна Гора.

Неодамнешната иницијатива „Отворен Балкан“ дополнително позитивно влијае на трговската размена со првите три земји потписнички и тоа Северна Македонија, Албанија и Србија. Движењето на земјоделските и прехранбените производи меѓу трите држави се остварува значително побрзо откако на граничните премини Табановце и Ќафасан се воведоа посебни зелени ленти за камионите од Отворен Балкан преку кои контролните механизми се спроведуваат многу побрзо бидејќи истите сега функционираат 24 часа и се меѓусебно признаени, а надминати се тројни контроли во три држави.[6]

Според податоци на Државниот завод за статистика[7], вкупната вредност на извозот на стоки од Република Северна Македонија, во периодот од јануари до декември 2022 година,

---

[6] https://vlada.mk/Otvoren-Balkan

[7] https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?id=78&rbr=14224

износува 511.444.064 илјади денари и бележи пораст од 19.9 % во однос на истиот период од претходната година. Вредноста на увезената стока, во периодот од јануари до декември 2022 година, изнесува 747.191.286 илјади денари, што е за 25.8 % повеќе во споредба со истиот период од претходната година.

Трговскиот дефицит, во периодот од јануари до декември 2022 година, изнесува 235.747.221 илјади денари, а покриеноста на увозот со извоз, во периодот од јануари до декември 2022, изнесува 68.4 %.

*Табела 13. Стоковна размена според основните економски категории*

| | Валута | Извоз | | | Увоз | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | илјади | | индекси | илјади | | индекси |
| | | I-XII 2021 | I-XII 2022 | I-XII 2022 ----------- I-XII 2021 | I-XII 2021 | I-XII 2022 | I-XII 2022 ----------- I-XII 2021 |
| **Вкупно** | денари | **426 637 967** | **511 444 064** | **119.9** | **594 023 223** | **747 191 286** | **125.8** |
| **Капитални производи** | денари | 58 816 306 | 33 216 656 | 56.5 | 56 689 589 | 61 699 216 | 108.8 |
| **Интермедијарни производи** | денари | 297 207 011 | 393 195 949 | 132.3 | 419 687 242 | 553 894 931 | 132.0 |
| **Производи за широка потрошувачка** | денари | 69 690 600 | 84 095 882 | 120.7 | 100 247 259 | 112 911 242 | 112.6 |
| **Останати производи, неспоменати на друго место** | денари | 924 051 | 935 578 | 101.2 | 17 399 133 | 18 685 896 | 107.4 |

*Извор: Државен завод за статистика*

Во периодот од јануари до декември 2022 година, според вкупниот обем на надворешнотрговската размена, Република Северна Македонија најмногу тргувала со Германија, Велика Британија, Грција, Србија и Бугарија.

### 5.1. Извоз

Податоците за извоз за 2021 и 2022 година укажуваат дека има зголемување на извозот на производи за широка потрошувачка, и тоа во 2021 година тој удел изнесувал 6.5% од вкупниот извоз, а се зголемил на 16.3% во 2022 година, а кај интермедијарните производи (76.9% во 2021 пад на 69.7% во 2022 година) и капиталните производи (16.4% во 2021 пад на

13.8% во 2022 година) е намалена вредноста, а во категорија останати производи е непроменета (0.2%) во двете години, види График 11.

*График 11. Структура на извозот според основните економски категории, 2021-2022 година*




*Извор: Државен завод за статистика*

Стоковната размена според економските групации покажува дека во 2022 година извозот со земјите на ЕУ има 79.4% (77% во 2021 година) удел во целокупниот извоз и со 12% учествува извозот во земјите од Западен Балкан што претставува пораст од 1 п.п. во споредба со 2021 година. Во однос на земјите во кои најмногу се извезува, од блокот на ЕУ најголем удел има Германија со 57.5%, потоа следи Бугарија со 6.3%, па Грција и Италија. На Западен Балкан најмногу се извезува во Србија (38.3%) и Косово (37.9%). Од другите трговски зони, најголем удел во извозот на ниво на економска групација имаат Швајцарија (9.2%), Саудиска Арабија (46.3%), САД (81.6%), Кина (82%), види детален преглед во Табела 14.

Во однос на најмногу извезени производи во 2022 година предводат производи од групата хемиски производи со реализиран извоз од 2.988.422 илјади долари, машини и транспорти уреди со остварен увоз од 2.004.451 илјади долари и производи класирани според материјалот во вредност од 1.287.427 илјади долари.

*Табела 14. Извоз по економски групации и по земји според секторите на СМТК, 2022 година (во '000 САД долари)*

| Име | Вкупно | Храна и живи животни | Пијалаци и тутун | Суровини (кои не се храна), освен гориво | Минерални горива, мазива и сродни производи | Животински и растителни масла, масти и восоци | Хемиски и сродни производи, н.д.м. | Производи класирани според материјалот | Машини и транспортни уреди | Разни готови производи | Стоки и трансакции некласирани на друго место во СМТК |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 8 729 356 | 472 006 | 214 537 | 438 847 | 383 112 | 23 742 | 2 988 422 | 1 287 427 | 2 004 451 | 909 283 | 7 530 |
| Европска Унија | 6 836 937 | 213 766 | 128 611 | 308 965 | 157 572 | 5 393 | 2 700 747 | 748 024 | 1 803 316 | 768 196 | 2 347 |
| Европска асоцијација за слободна трговија | 72 135 | 6 177 | 1 648 | 211 | 10 315 | - | 1 189 | 7 377 | 8 057 | 37 151 | 9 |
| Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати | 28 898 | 2 563 | 791 | 582 | 39 | 1 | 2 853 | 10 128 | 9 922 | 1 287 | 733 |
| Западен Балкан | 1 050 883 | 179 236 | 50 073 | 39 535 | 203 716 | 18 253 | 193 661 | 263 004 | 63 315 | 39 231 | 860 |
| Северноамериканска зона на слободна трговија | 105 235 | 13 974 | 18 031 | 1 756 | 1 816 | 29 | 239 | 31 888 | 34 324 | 1 807 | 1 370 |
| Организација за економска соработка на земјите од Азиско-пацифичкиот Регион | 70 653 | 5 821 | 1 618 | 34 332 | - | 56 | 1 557 | 10 368 | 14 958 | 1 933 | 9 |
| Заедница на независни држави | 100 900 | 37 575 | 1 647 | 439 | 1 499 | 7 | 36 036 | 13 468 | 4 443 | 5 786 | - |
| Унија за Медитеранот | 241 875 | 3 753 | 8 317 | 17 910 | 1 987 | - | 1 242 | 174 571 | 25 280 | 7 505 | 1 310 |
| Јужноамерикански заеднички пазар | 6 840 | - | 1 702 | 4 | - | - | 44 | 41 | 4 929 | 120 | - |
| Асоцијација на земјите од Југоисточна Азија | 4 450 | 349 | 199 | 258 | - | 0 | 731 | 1 229 | 497 | 811 | 376 |
| Нови индустријализирани азиски земји | 7 745 | 58 | 1 132 | 337 | 86 | - | 5 | 852 | 4 179 | 1 097 | - |
| Африкански, карипски и пацифички земји | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Организација за економски развој и соработка | 20 393 | 270 | 130 | 4 | 378 | 2 | 303 | 16 235 | 2 244 | 820 | 7 |
| Јужноазиска асоцијација за регионална соработка | 6 226 | 41 | 10 | 237 | - | - | 56 | 123 | 5 751 | 7 | 3 |
| Друго, земји неспомената на друго место | 176 186 | 8 423 | 628 | 34 279 | 5 704 | 0 | 49 760 | 10 118 | 23 236 | 43 532 | 505 |

*Извор: Државен завод за статистика*

5.2. Увоз

Податоците за увоз за 2021 и 2022 година укажуваат дека има зголемување на увозот на производи за широка потрошувачка и тоа во 2021 година тој удел изнесувал 8.2% во вкупниот извоз, а се зголемил на 16.93% во 2022 година, кај интермедијарните производи (74.2% во 2021 намалување на 70.7% во 2022 година) и капиталните производи (15.1% во 2021 пад на 9.5% во 2022 година) е намалена увозната вредност, а категоријата останати производи бележи мал пораст од 2,5% во 2021 година на 2,9% во 2022 година, види График 12.

*График 12. Структура на увозот според основните економски категории, 2021-2022 година*




*Извор: Државен завод за статистика*

Стоковната размена според економските групации на земјите на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија, покажува дека во 2022 година увозот од земјите на ЕУ има 46.8% удел во целокупниот увоз, а со 12% учествува увозот од земјите на Западен Балкан. Во однос на земјите од кои најмногу увезуваме, од блокот на ЕУ најголем

удел има Грција со 23%, потоа следи Германија со 18.2%, па Бугарија со 10.7%. Од групацијата Западен Балкан најмногу увезуваме од Србија (72%) и Косово (10%).

*Табела 15. Стоковна размена според економските групации на земјите, увоз, 2022 година (во '000 САД долари)*

| Назив | Вкупно | Храна и живи животни | Пијалаци и тутун | Суровини (кои не се храна), освен гориво | Минерални горива, мазива и сродни производи | Животински и растителни масла, масти и восоци | Хемиски и сродни производи, н.д.м. | Производи класирани според материјалот | Машини и транспортни уреди | Разни готови производи | Стоки и трансакции некласирани на друго место во СМТК |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 12 756 765 | 939 064 | 117 001 | 238 838 | 2 257 900 | 94 258 | 1 723 471 | 4 152 291 | 2 482 718 | 730 713 | 20 510 |
| Европска Унија | 5 974 731 | 450 335 | 52 299 | 82 881 | 1 584 318 | 23 340 | 760 138 | 1 485 985 | 1 216 230 | 315 275 | 3 930 |
| Европска асоцијација за слободна трговија | 137 024 | 4 096 | 2 | 291 | 48 095 | 375 | 23 670 | 13 263 | 28 744 | 13 168 | 5 321 |
| Организација на земјите извозници на нафта и нафтени деривати | 112 386 | 21 588 | 11 | 534 | 19 140 | 15 | 57 477 | 12 890 | 226 | 505 | - |
| Западен Балкан | 1 103 794 | 274 646 | 54 382 | 55 603 | 193 752 | 32 580 | 80 709 | 249 510 | 112 286 | 47 560 | 2 768 |
| Северноамериканска зона на слободна трговија | 211 909 | 10 578 | 1 661 | 1 914 | 29 789 | 11 | 36 938 | 45 081 | 65 742 | 15 895 | 4 300 |
| Организација за економска соработка на земјите од Азиско-пацифичкиот Регион | 1 135 378 | 4 620 | 177 | 8 466 | 73 | 339 | 75 430 | 252 780 | 667 248 | 123 647 | 2 600 |
| Заедница на независни држави | 551 577 | 11 709 | 269 | 2 610 | 353 529 | 19 385 | 22 074 | 133 577 | 5 680 | 2 743 | 1 |
| Унија за Медитеранот | 886 085 | 53 214 | 558 | 13 455 | 15 414 | 632 | 76 891 | 423 195 | 173 039 | 128 278 | 1 410 |
| Јужноамерикански заеднички пазар | 88 166 | 69 503 | 1 006 | 4 735 | - | 117 | 225 | 10 198 | 1 439 | 896 | 47 |
| Асоцијација на земјите од Југоисточна Азија | 228 028 | 16 581 | 526 | 4 491 | 13 093 | 17 381 | 2 853 | 14 578 | 120 554 | 37 970 | - |
| Нови индустријализирани азиски земји | 102 047 | 176 | 403 | 1 941 | 40 | 1 | 19 665 | 26 601 | 47 667 | 5 543 | 12 |
| Организација за економски развој и соработка | 186 | 161 | 3 | - | - | - | - | 2 | 5 | 16 | - |
| Африкански, карипски и пацифички земји | 77 938 | 3 718 | 277 | 48 048 | 0 | 2 | 916 | 23 662 | 1 046 | 210 | 59 |
| Јужноазиска асоцијација за регионална соработка | 107 917 | 6 926 | 197 | 3 840 | 559 | 77 | 25 696 | 22 549 | 17 509 | 30 563 | - |
| Друго, земји неспоменати на друго место | 2 039 597 | 11 213 | 5 231 | 10 029 | 98 | 2 | 540 789 | 1 438 422 | 25 304 | 8 445 | 64 |

*Извор: Државен завод за статистика*

Од другите трговски зони, најголем удел во увозот на ниво на економска групација имаат САД (86%) од Јужноамериканскиот заеднички пазар и Кина (87%) од Нови индустријализирани азиски земји. Во однос на најмногу увезени производи во 2022 година предводат производи од групата производи класирани според материјалот со реализиран

увоз од 4.152.291 илјади долари, машини и транспорти уреди со остварен увоз од 2.482.718 илјади долари и минерални горива, мазива и сродни производи во вредност од 2.257.900 илјади долари, види детален преглед во *Табела 14*Табела 15.

## 5.3 Електронска трговија

Во доменот на електронската трговија (е-трговија) се бележат промени во трендовите со сè поголемата употреба на платежните картички и нивното прифаќање од сите старосни групи. Вкупниот број на плаќањата во земјата во 2022 година изнесуваше 195 милиони трансакции и забележа годишен раст од 6.8% при пад од 3.1% кај вредноста на плаќањата којашто изнесуваше 5.808 милијарди денари, види График 13.[xvi]

*График 13. Структурно учество на безготовинските платни инструменти во вкупната вредност и вкупниот број на плаќањата, 2020 - 2020 година*




*Извор: НБРСМ*

На крајот на 2022 година, забележан е годишен раст од 16.1% кај вкупниот број трговци во земјата коишто прифаќаат плаќања со платежни картички (14.962), предизвикан пред сè од годишниот раст на бројот на трговците на виртуелните места на продажба за 19% (1.603 или 1.400 во 2021 година), како и од годишниот раст на бројот на трговците коишто прифаќаат

плаќања со картички на физичките места на продажба за 15.8% (13.359). Користењето на платежните картички на физичките и виртуелните (интернет) места на продажба забележа висок годишен раст од 13.1%. Продолжува и растот на структурното учество на бројот на трансакции на физичките места на продажба достигнувајќи 72.7% во 2022 година. Како резултат на промената на навиките и културата на плаќањата на граѓаните и компаниите, употребата на платежните картички на домашните виртуелни (интернет) места на продажба забележа годишен раст од 11.6%. Анализирано од аспект на употреба во текот на 2022 година сè повеќе се користени за плаќање на физичките места на продажба при што постигна годишен раст од 81.9%.

Достапноста на производите/услугите во виртуелно опкружување се од големо значење за успехот и конкурентноста на претпријатијата во новиот дигитален и електронски начин на водење бизнис. Владините институции ја препознаваат оваа потреба, и согласно насоките на стратегија на ЕУ за дигитализацијата на МСП дизајнираат програми за нивна поддршка. Агенцијата за поддршка на претприемништвото од 2021 година реализира едукативни програми за МСП за унапредување на дигиталните вештини, но и преку останатите алатки за поттикнување на раст на МСП услуги ги поддржува оние кои сакаат да воведат вакви новини во работењето. Во Извештајот на напредокот на РСМ во евроинтеграциите, се наведува дека 92% од бизнисите со повеќе од 10 вработени веќе ползуваат широкопојасен интернет, но помалите бизниси сеуште се соочуваат со потешкотии, на пр. само 54.5% имаат веб страници. Се заклучува дека има итна потреба од пристап до широкопојасен интернет, но и до развој на дигиталните вештини кај претпријатијата.[xx]

# 6. Пазар на труд

Претпријатија за да бележат економски раст директно зависат од пазарот на труд покрај останатите внатрешни и надворешни елементи кои влијаат на нивното работење. Меѓу другото, МСП се двигатели на вработувањето во Република Северна Македонија и имаат клучна улога за отворање на нови работни места и намалување на стапката на невработеност.

Дополнително, пазарот на труд претставува многу битна алка во постигнување на повисок економски раст и излез од тековните криза, па токму затоа тој е неизоставен елемент на многу стратешки и оперативни документи, а клучен елемент на разгледување од страна на Владата, и неколку институции под водство на министерството за труд и социјална политика, а вклучени се министерството за економија, како и агенциите за вработување и агенцијата за претприемништво. Во 2022, политиките се раководеа и реализираа паралелно со насоките на Програмата на Владата, Националната стратегија за вработување, Акцискиот план за вработување, Оперативниот план за вработување и услуги на пазарот на трудот, Стратегијата за МСП, Стратегијата за национална конкурентност, Стратегијата за развој на женско претприемништво како и Планот за забрзан економски раст. Сите овие стратегии и планови се насочени кон поддршка и развој на претпријатијата, како и на стимулирање на иновации и претприемништво на национално ниво со посебен акцент на обезбедување на работна сила која одговара на потребите на пазарот на труд.

## 6.1 Вработување

Според податоците на Државниот завод за статистика и Анкетата за работна сила во 2022 година од вкупниот број на работоспособно население (1.464.493), активното население во Република Северна Македонија броело 808.078 лица, од кои 692.034 се вработени лица, а

116.045 се невработени лица. Стапката на активност е 55.2, стапката на вработеност 47.3, а стапката на невработеност 14.4, што укажува на слични параметри како и во 2021 година, види Табела 16.

*Табела 16. Активно население и стапки на активност, 2021-2022 година*

| | Вкупно работоспособно население | Активно население | | | Стапка на активност | Стапка на вработеност | Стапка на невработеност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | вкупно | вработени | невработени | | | |
| **2021** | **1 468 734** | **819 892** | **693 494** | **126 398** | **55.8** | **47.2** | **15.4** |
| I 2022 | 1 466 819 | 811 251 | 691 842 | 119 409 | 55.3 | 47.2 | 14.7 |
| II 2022 | 1 465 225 | 810 453 | 693 177 | 117 276 | 55.3 | 47.3 | 14.5 |
| III 2022 | 1 463 901 | 808 328 | 693 062 | 115 266 | 55.2 | 47.3 | 14.3 |
| IV 2022 | 1 462 025 | 802 280 | 690 053 | 112 227 | 54.9 | 47.2 | 14 |
| **2022** | **1 464 493** | **808 078** | **692 034** | **116 045** | **55.2** | **47.3** | **14.4** |

*Извор: Државен завод за статистика, Макстат база*

Ангажираната работна сила во Северна Македонија е приближно 59.4% мажи и 40.6% што значи дека има потреба од понатамошни мерки за поттикнување вработување кај жените. Од График 14 се забележува дека најактивна старосна група на вработено население е онаа од 25 до 49 години со флуктуација во четирите квартали од 2022 година од 60% до 67%, следи старосната група од 50 до 64 години со флуктуација од 28% до 31%, најмладата старосна група 15 до 24 години бележи вработеност од 7% во првите три квартали за во четвриот квартал да падне на 4%, и работната сила од старосната група 65 години и повеќе е најмалку застапена и се движи помеѓу 1% до 2% во различните квартали. Во однос на полот, жените се поактивни во старосната група 25 до 45 (66% до 67%) од мажите (60% до 61%), во останатите старосни групи за неколку процентни поени се во предност мажите. И тоа, 31% од вработените мажи припаѓаат на старосната група 50 до 64 додека жените се застапени со 28% до 29%. Иако, не

се големи разликите во однос на полот сепак најзначајна разлика се согледува дека старосната група 25 до 45 жените бележат поголема активност на пазарот на труд.

*График 14. Вработени по пол и возрасни групи, 2022 година, квартален преглед*




*Извор: Државен завод за статистика, Макстат база*

Според структурата на статусот на вработеност и полова распределба во периодот од 2020 до 2022 година заклучуваме дека најгуста категорија се вработените во регистрирани ентитети, и тоа кај мажите има растечки тренд од 79% во 2020 година, 80% во 2021 година и 80.4 во 2022 година, истата тенденција се пренесува и кај жените од 85.3% во 2020 година, 86.3% во 2021 година и 87.2% во 2022 година што е поголема кај жените во споредба со мажите за 6.8 п.п., види *График 15* и Табела 17. Во однос на вработените на сопствена сметка, и тоа кај мажите има растечки тренд од 12.8% во 2020 година, 12% во 2021 година и 12.4% во 2022 година, а кај жените во сите три години е двојно помала вработеноста на сопствена сметка и бележи опаѓачки тренд од 6% во 2020 година, 5.1% во 2021 година и 5% во 2022

година. Кај статусот работодавец се пресликува сличен тренд како кај вработените на сопствена сметка, и тоа 5.1% во 2020 година, 5.7% во 2021 година и 5.2% во 2022 година, а кај жените во сите три години е двојно помала, и тоа 2% во 2020 година, 2% во 2021 година и 2.4% во 2022 година. Спротивно на приликите, кај статусот неплатен семеен работник жените се повеќе ангажирани. Во 2020 година жените биле застапени со 6.7%, во 2021 година со 6.4%, а во 2022 година со 5.4% што е намалување за 1 п.п., а мажите во 2020 година биле застапени со 2.6%, во 2021 година со 2.2%, а во 2022 година со 2.2% што е најмалку за 2.5 помала застапеност во однос жените.

*График 15. Структура според статусот во вработеноста во %, по пол, за период 2020 - 2022 година*




*Извор: Државен завод за статистика, Макстат база*

Евидентно е дека мажите повеќе преземаат ризик и се позастапени во категоријата на работодавци и вработен на сопствена сметка, а ситуацијата за обременуваат податоците дека

жените се побројни во категоријата неплатен семејни работници што бара итни програми и мерки за подобрување на нивната позиција во деловното опкружување.

*Табела 17. Вработени според статусот во вработеноста, по пол за период 2020 - 2022 година*

| | 2020 | | | 2021 | | | 2022 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно | мажи | жени | вкупно | мажи | жени | вкупно | мажи | жени |
| **Вкупно** | 794909 | 471564 | 323344 | 795087 | 472945 | 322142 | **692034** | **404673** | **287360** |
| **вработен** | 650868 | 375065 | 275803 | 657094 | 378545 | 278549 | 575686 | 325199 | 250487 |
| **работодавец** | 30295 | 23865 | 6430 | 33567 | 27129 | 6438 | 28172 | 21220 | 6952 |
| **вработен на сопствена сметка** | 79874 | 60420 | 19454 | 73464 | 56883 | 16581 | 64697 | 50212 | 14485 |
| **неплатен семеен работник** | 33872 | 12215 | 21657 | 30962 | 10389 | 20574 | 23479 | 8043 | 15436 |

*Извор: Државен завод за статистика, Макстат база*

Според График 16, може да се забележи дека со најголема стапка на вработеност се мажите со средно образование (3 и 4 ниво) со 60.4%, а жените со 48.9%,, следат жените со високо образование (више и високо) со 39.1% и мажи со 23.8%, потоа следат оние со основно образование, мажи 14.3% и жени 10.2%, а со најмала стапка на вработеност е категоријата на лица беа образование или незавршено средно образование.

*График 16. Активно население според школската подготовка и полот, 2022 година*




*Извор: Државен завод за статистика, Макстат база*

## 6.1.1 Вработување по сектори на економска активност

Според податоците за вкупен број на вработени во претпријатијата по сектори на дејност во 2022 година најголем број вработени се бележат во преработувачката индустрија (135.478), трговија (107.327), земјоделство (69.143), градежништво (44.976), транспорт и складирање (35.159), и објекти за сместување и сервисни дејности со храна (24.492), и информации и комуникации (21.192). Споредбените податоци со 2021 година се следните, во секторот преработувачка индустрија вработува 20% ( 19.5% во 2021 година) од вкупниот број на вработени лица во Република Северна Македонија, потоа секторот трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли со 15.5% од вкупниот број на вработени во 2022 и претходната година и со 12% вработени лица во секторот земјоделство, шумарство и рибарство во 2021, а пад повеќе од 2 п.п. во 2022 година на 9.9%, види График 17.

*График 17. Вработени според секторите на дејност на деловниот субјект во 2022 година*

| | Сектори на дејности | Деловни субјекти во: | | |
|---|---|---|---|---|
| | | вкупно | приватна сопственост | друга сопственост: мешовита, здружна, државна |
| | **Вкупно** | **692 034** | **515 425** | **176 609** |
| **А** | Земјоделство, шумарство и рибарство | 69 143 | 66 636 | (2507) |
| **Б** | Рударство и вадење на камен | 6 678 | (3728) | (2950) |
| **В** | Преработувачка индустрија | 135 478 | 134 568 | : |
| **Г** | Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 7 967 | (2093) | 5 874 |
| **Д** | Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 14 592 | (2405) | 12 186 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ѓ | Градежништво | 44 976 | 42 297 | (2679) |
| Е | Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 107 327 | 107 252 | : |
| Ж | Транспорт и складирање | 35 159 | 28 611 | 6 547 |
| З | Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 24 492 | 23 162 | : |
| Ѕ | Информации и комуникации | 21 192 | 19 018 | (2174) |
| И | Финансиски дејности и дејности за осигурување | 10 459 | 10 040 | : |
| Ј | Дејности во врска со недвижен имот | (1695) | : | : |
| К | Стручни, научни и технички дејности | 18 905 | 17 720 | : |
| Л | Административни и помошни услужни дејности | 17 673 | 15 555 | (2118) |
| Љ | Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 50 650 | - | 50 650 |
| М | Образование | 47 751 | (4041) | 43 709 |
| Н | Дејности на здравствена и социјална заштита | 46 516 | 15 695 | 30 821 |
| Њ | Уметност, забава и рекреација | 14 978 | 11 200 | (3778) |
| О | Други услужни дејности | 14 728 | 9 838 | (4890) |

*Извор: Државен завод за статистика, Макстат база*

## 6.2 Примања

Растот на просечните исплатени плати продолжи и во 2022 година. Растот во еден дел е резултат на зголемувањето на минималната плата од 18,5% во март 2022 година, како и на зголемувањето на дел од платите во јавниот сектор во септември 2022 година. На растот влијае и недостатокот на работна сила во одредени сегменти на пазарот на труд. Просечната нето-плата во декември 2022 година изнесуваше 31.859 денари месечно. Минималната нето-плата за април 2022 година до февруари 2023 година беше одредена на 18.000 МКД месечно. Во февруари 2023 година, владата ја подигна минималната плата на 20.175 МКД, почнувајќи од март 2023 година.

Годишен раст на нето-платите е забележан кај сите сектори на дејности, а најголем раст бележат дејностите коишто беа најпогодени од пандемијата. Така, највисок раст е

забележан кај платите на дејностите поврзани со објекти за сместување (18.4%), уметност, забава и рекреација (16.4%), преработувачка индустрија (14.6%), трговија (14.2%). Во услови на раст на општото ниво на потрошувачките цени, реалните нето и бруто-плати се намалија за 2.7% и 2.6%, соодветно, види График 18.

*График 18. Просечни нето-плати по сектори (годишни промени, во %)*




*Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ*

## 6.3 Невработеност во Република Северна Македонија

Континуираниот економски раст и подобрување на животниот стандард на населението, зависи и од невработеноста како економски показател за кој е потребно преземање на одредени активности со цел намалување на стапката на истиот. Во изминатиот период стапката на невработеност бележи намалување како резултат на стратегиите, програмите и мерките за намалување на стапката на невработеност всушност имаат

позитивен исход и токму поради тоа е потребно континуирано усовршување на вештините и знаењата или преквалификација на работоспособното население.

Невработеноста со старосни групи во 2022 година е најголема во групата 25-49 години во сите квартали и се движи од 61%-63%, следи невработеноста во старосната група 50-64 години со незначителна разлика во четирите квартали 20%-20% и најмалку или 15%-18% невработени има помеѓу работоспособното население во најмладата група од 15-24 години, види График 19. Стапките на вработеност по старосни групи се разликуваат во последната старосна група која не бележи воопшто невработени од 65+ години што е очекувано, како и кај најмладите работоспособни лица каде преовладува невработеноста во однос на вработените од истата група.

*График 19. Невработени по возрасни групи, 2022 година, по квартали*




*Извор: Државен завод за статистика, Макстат база*

График 20 и Табела 18 ја отсликуваат стапката на невработеност во последните 6 години по полова структура. Од 22.4% во 2017 година вкупната невработеност во Македонија е намалена

за цели 8 п.п. и заклучно 2022 година истата изнесува 14.4%. Споредено со 2017 година и 21.8% невработеност кај жените се бележи рекордно ниска невработеност од 12.5% во 2022 година, кај мажите таа изнесува 22.7% во 2017 односно 15.7% во 2022 година што е за 7 п.п. пониска.

*Табела 18. Преглед на невработеноста по пол во апсолутни бројки и стапка на невработеност, период од 2017-2022*

| | невработени | | | стапка на невработеност | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **вкупно** | **мажи** | **жени** | **вкупно** | **мажи** | **жени** | **Невработени лица 15-24** |
| **2017** | **213 564** | **132 512** | **81 052** | **22.4** | **22.7** | **21.8** | **40 799** |
| **2018** | 198 569 | 124 054 | 74 515 | 20.7 | 21.3 | 19.9 | 37 472 |
| **2019** | 166 363 | 94 198 | 72 165 | 17.3 | 16.5 | 18.4 | 28 881 |
| **2020** | 155 949 | 94 614 | 61 335 | 16.4 | 16.7 | 15.9 | 27 042 |
| **2021** | 126 398 | 80 704 | 45695 | 15.4 | 16.6 | 13.6 | 22344 |
| **2022** | 116045 | 75167 | 40877 | 14.4 | 15.7 | 12.5 | 19565 |

*Извор: Државен завод за статистика, Макстат база*

*График 20. Стапка на невработеност, од 2017-2022 година*




*Извор: Државен завод за статистика, Макстат база*

Во однос на опкружувањето, во Црна Гора невработеноста е поголема во 2022 година и изнесува 14.7%, со Косово е иста ситуацијата 12.5%, во Албанија е помала 11%, и Србија има најниска невработеност во регионот од 9.5%.

Од вкупниот број на работоспособно население во државата или 943.004 лица, невработени според евиденција се 147.917 лица, а неактивни се 739.796 лица во 2022 година. Во однос на школската подготовка, најголем процент на невработени се лица со завршено четири годишно средно образование или 48.1%, потоа со основно образование 20.1% и со високо образование 19.4% од невработените лица. На График 21 даден подолу е прикажана споредба на невработените лица според образование во 2020 и 2022 година. Може да се забележи дека вкупниот број на невработени во 2022 година е намален а како резултат на тоа и стапката на невработеност во 2022 година бележи намалување. Во однос на школската подготвеност процентот на невработени со високо образование во 2022 година е намален за 2.4% што укажува на зголемување на вработени лица во 2022 година кои според школска подготовка се со завршено високо образование.

*График 21. Невработени според школската подготовка и старосната структура во 2022 година*




*Извор: Државен завод за статистика, Макстат база*

Според Извештајот Македонија во бројки 2023[8], во вкупниот број на невработените лица, најголемо е учеството на невработените што според должината на невработеноста се категоризирани во долгорочно невработени лица. Стапката на долгорочно невработените лица во 2022 година изнесува 11.5 % и во однос на 2012 година бележи намалување од 14 п.п. Ова покажува дека невработените над четири години (60.896), иако двојно намалени во однос на претходната декада, се категорија на лица кои тешко би се вработиле, и за нив пожелни се програми за образование на возрасни кои ќе ги поттикнат да бараат работа.

*График 22. Невработени според должината на невработеноста, по години*

| | 2012 | 2017 | 2022 |
|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **292 502** | **213 564** | **116 045** |
| До 1 месец | 10 831 | 10 853 | 4 696 |
| 2-5 месеци | 22 413 | 21 167 | 9 552 |
| 6-11 месеци | 19 031 | 15 179 | 8 838 |
| 12-17 месеци | 18 634 | 14 463 | 8 843 |
| 18-23 месеци | 14 032 | 11 390 | 7 310 |
| До 2 години | 2 126 | 1 619 | 1 381 |
| До 3 години | 27 235 | 19 284 | 14 555 |
| 4 и повеќе години | 178 201 | 119 609 | 60 869 |

*Извор: Преземено од Извештајот Македонија во бројки 2023*

Вкупната стапка на невработеност кај младите на возраст од 15 до 29 години е 35.4%. Околу 17 отсто од невработените се со високо образование. И покрај релативно високата стапка на невработеност, странските инвеститори пријавуваат тешкотии во регрутирањето и задржувањето работници. Позициите кои бараат технички и специјализирани вештини може

[8] https://www.stat.gov.mk/publikacii/2023/Makedonijavobrojki2023MKweb.pdf#page=62&zoom=100,0,0

да биде особено тешко да се пополнат поради неусогласеноста помеѓу потребите на индустријата, образовниот систем и аспирациите на дипломираните студенти. Многу добро обучени професионалци со високо пазарни вештини, како што се ИТ специјалисти избираат да работат надвор од земјата или на далечина.

## 6.4 Програми за поддршка на вработувањето и претприемништвото

Владата продолжи со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд во 2022 и 2023 година, во кој се дефинирани активни владини мерки, програми и услуги за самовработување и вработување за стимулирање на отворање нови работни места. Планот предвидува и субвенции за нови и постоечки работни места, практиканти, специјализирани обуки за вештини, стручна обука за невработени лица и преквалификација или преквалификација. Законот за работни односи и придружните мерки не дискриминираат пол, раса или етничка припадност.[xxi] Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија секоја година подготвува, усвојува и имплементира оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд со поддршка на Агенцијата за поддршка на претприемништвото. Програмите и мерките се секогаш во координација со другите институции кои се директно или индиректно поврзани со имплементацијата и реализацијата на тие мерки.

Мерката за самовработување е поврзана со поддршката и развојот на претприемништвото во Република Северна Македонија преку поддршка на невработени млади лица до 29 години, невработени лица со попреченост и други помалку опслужени групи невработени лица. Оваа мерка за поддршка на самовработувањето може да се користи во

комбинација со други мерки кои ќе ја олеснат финансиската инвестиција во бизнисот како: мерката за субвенционирање на плати и вработување и раст на правни субјекти. Оваа мерка предвидува, меѓу другото, изработка на бизнис-план со советодавна поддршка преку ваучер систем на советување на АППРСМ, селекција на најуспешни бизнис-планови, имајќи ги во предвид критериумите за регионална застапеност, регистрација на фирма и вработување, како и дополнително вработување за бизниси основани од лица со попреченост, исплата на средства на наменска сметка за набавка на опрема, материјали и готови производи за понатамошна продажба. Во 2022 година биле изработени 1937 бизнис планови од страна на советниците на АППРСМ, од кои 26 за лицата со попреченост, а склучени се договори со 2001 лица, од кои 23 договори се со лица со попреченост и 9 лица (од кои 2 лица се млади до 29 години) со поддршка за грант како дополнителни вработувања во фирмите кои се регистрирани од лица со попреченост.[xxii]

Понатаму, АВРСМ поддржува креирање на нови работни места преку мерката субвенционирање на плати. Целта на мерката е поддршка за вработување на невработени лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот, а во 2022 година биле реализирани 1228 договори со работодавачи за вработување на 1536 невработени лица. Од нив, 767 лица беа жени, 719 лица беа млади до 29 годишна возраст и 69 лица беа Роми.

Од активните мерки, и мерката вработување и раст на правни субјекти чија цел е поддршка во креирање на нови работни места во микро, мали и средни претпријатија, социјални претпријатија и граѓански организации беше спроведена. Беа потпишани беа 355

договори со работодавачи за вработување на 446 невработени лица, од нив, 251 лица беа жени, 231 лица беа млади до 29 годишна возраст и 33 лица беа Роми.

АППРСМ преку реализација на програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на МСП за 2022 година[xxiii] реализираше повеќе активности за постигнување на целите за економски развој преку својот мандат. И тој, покрај ваучерското советување во соработка со програмата Самовработување, во делот на ваучерско советување за МСП издала вкупно 58, од кои ваучери за 51 клиент на вкупен износ од 1.201.266,00 денари, а реализирани се 54 ваучери за 38 клиенти на износ од 1.217.766,00 денари од кои. Имено, за потенцијални претприемачи издадени и реализирани се 11 ваучери за 6 клиенти на вкупен износ од 93.816,00 денари, а за постојни претпријатија издадени се 47 ваучери за 35 клиенти во вкупен износ од 1.101.150,00 денари од кои 4 ваучери за 3 клиенти на износ од 73.500,00 се отповикани и вкупниот број на реализирани ваучери е 43 ваучери за 32 клиенти на износ од 1.033.950,00 денари. Најбарани се услугите за деловно планирање, подготовка за ИСО 9001 и ИСО 14001, како и општи услуги за претпријатија, а најзастапени биле ваучери на субјекти од секторот трговија на големо и мало.

Понатаму, АППРСМ продолжи со реализацијата на стандардизираните менторски услуги наменети за МСП во 2022 година со надградена поддршка на Јапонската Агенција за меѓународна соработка преку проектот “Зајакнување и проширување на менторските услуги за МСП во земјите на Западен Балкан“ (2022-2024), кој се спроведува преку постојната мрежа на Регионални Центри и 14 овластени ментори. АППРСМ одобри за менторираше 48 МСП со вкупно 1900 менторски часа поддршка, односно - 25 часа (за новоосновани претпријатија или претпријатија кои имаат мал број на вработени и поедноставна организациска поставеност,

преку реализација на помали работилници, трговски или угостителски објекти или услуги од типот на козметички или сметководствени услуги) и 50 часа (постоечките претпријатија, постари од 3 години, како и оние новоосновани).

Понатаму, АППРСМ „Инфо пулт“ проект во соработка со регионалните центри за деловна поддршка на претприемачите и потенцијалните основачи на нов бизнис преку деветте регионални инфоцентри биле поддржани 567 клиенти.

Во делот на мотивација и вештини за основање на претприемачки бизниси кај младите, студентите и невработените, АПП преку активноста претприемачко образование обучила преку 300 лица за генерирање на бизнис идеја и развој на Бизнис план на територијата на целата држава. Додека, преку дузина реализирани обуки за локални консултанти на МСП за оптимизација на трошоци за енергија, обуки за препознавање и спречување на корупција кај МСП за целна група МСП, обуки за промоција на социјалното претприемништво и пракси на општествена одговорност за МСП, и обуки за поттикнување на бизнисите раководени од жени, влијае на поттикнување на разни вештини кај МСП за постигнување на одржлив развој.

За намалување на невработеноста и создавање на нови работни места се јавува потреба за континуирано следење на понудата и побарувачката на пазарот на труд. Врз основа на искуствата АППРСМ од директна комуникација со потенцијалните претприемачи и претставниците од МСП, и АВРСМ преку спроведување на анкета[9] за краткорочните потреби

---

[9]https://av.gov.mk

на работодавачите во однос на нови вработувања како и потребата од вештини кои треба да бидат поседувани од страна на лицата со цел да бидат конкурентни на пазарот на труд, се унапредуваат годишни програми за поддршка на вработувањето и претприемачките вештини.

Во однос на потребните вештини, идните вработувања се темелат на поседување на вештини кај кандидатите од познавање на странски јазици, напредни ИТ вештини, дигитални алатки, зелена економија и меки вештини како што се тимска работа, флексибилност.

# 7. Финансиска состојба и финансирање на МСП

Една од главните цели на на динамичен и продуктивен сектор на МСП. Земајќи во предвид дека имаат голем придонес во создавање нови работни места и економски развој, потребно е континуирано да расте а со тоа има потреба од стабилни извори на финансирање. Во однос на видот на финансирање, според литература постојат два вида на финансирање односно формално и неформално финансирање или извори на сопственичко финансирање и извори на должничко финансирање. Изворите на сопственичко финансирање се сметаат за неформално финансирање додека изворите на должничко финансирање се формално финансирање или финансирање обезбедено преку финансиски институции.

Истражувањето спроведено од страна на Народна банка на Република Северна Македонија во 2019 година ги разгледува факторите кои влијаат врз пристапот до финансирање на малите и средни претпријатија преку понудата на кредити од банките и предизвиците со кои се соочуваат домашните банки во процесот на кредитирање на овој сектор.[10] Заклучокот од истражувањето укажува на тоа дека банкарскиот сектор во Република Северна Македонија е конкурентен и нуди широк спектар на кредитни линии за МСП но процесот на аплицирање и обезбедување на извештаи од страна на МСП е слаб и поради тоа потребно е подобрување со цел зголемување на поддршката за растот на економијата.

---

[10] https://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-bank-financing-to-smes-in-the-republic-of-north-macedonia-evidence-from-survey-data.nspx

Во однос на причините, македонските банки укажале дека претпријатијата во Република Северна Македонија се соочуваат со:

- лоша финансиска писменост на МСП;
- лошо корпоративно известување и слаби вештини за деловно планирање и познавања на МСП;
- неподготвеност на компаниите да откриваат и споделуваат деловни информации;
- перципирана недоволна профитабилност и несоодветна кредитна историја; и,
- слаба информираност за алтернативните инструменти и опции за надворешно финансирање како што се претприемачки (ризичен) капитал, бизнис-ангели, итн.[11]

Од друга страна МСП, како главните пречки во пристапот до финансиски средства ги навеле следните причини:

- Високите каматни стапки;
- Барањата за висок договорен залог;
- Долги и сложени административни постапки;
- Голем отпор кон ризици кај банките; и,
- Немање корисни и развиени извори на алтернативно финансирање, како капиталното финансирање, бизнис-ангелите и претприемачкиот (ризичниот) капитал.

Анализата од истражувањето е во насока на можност и подобрување на деловното опкружување и пристапот на финансиски средства на МСП.

[11] https://socijalendijalog.mk/category/publications/

## 7.1 Кредитни линии и грантови за развој на МСП

Планот за финансирање на економското закрепнување и забрзување на растот 2022-2026[xxiv] има за цел да го финансира закрепнувањето на економијата погодена од КОВИД-19 и да поддржи забрзан и одржлив раст со одржување на фискалната стабилност преку мобилизирање капитал од приватниот сектор, како дополнување на средствата од буџетот и позајмиците. Првичниот план има за цел да има клучна улога во зајакнување на работните места и раст во економијата на Северна Македонија. Со планот се предлагаа иновативни начини за финансирање на инвестициите, како што се: Гарантна шема, Фонд за енергетска ефикасност, Фонд за локален и регионален развој, Фонд за развој, Хибридна зелена и дигитална економија МСМЕ фонд, Хибриден стратешки зелен инвестициски фонд, Фонд на фондови, ризичен капитал средства, Crowdfunding итн. Во 2022 година, беше активирана Гарантната шема во рамки на Развојната банка на Северна Македонија преку која државата нуди дополнителна можност за полесен пристап до финансиски средства со преземање на дел од кредитниот ризик заедно со комерцијалните банки, во 2022 година банката поддржа деловни субјекти во рамки на алатките кои ги нуди.

Анализата за понуда и достапност на кредитни линии од банкарскиот сектор наменети за МСП покажа дека банките нудат широк спектар на кредити, но искористеноста на истите е многу мал. Идентификувани се високите каматни стапки и сложените процедури за поднесување на барање за кредит како клучни бариери во обезбедувањето средства за подобрување на ликвидноста или развој на бизнисите, како што и погоре беше посочено. На финансиската писменост кај МСП влијаеа позитивно работата на НБРСМ, но и присуството на кредитни линии со грантови шеми, како на пример МСП Конкурентност програмата на ЕБОР,

потоа Зелено за развој на Халб банката преку која шема се обезбедуваа бесплатни технички совети за инвестициите. Во 2022 година на МСП им беше на располагање програмата за МСП на ЕБОР за мали проекти во голем дел за технички и консултантски услуги. Понатаму, проектот ИМЕ на Швајцарската развојна агенција поддржа дузина стартапи во сферата на туризмот со техничка поддршка, но и обезбедување на опрема потребна за раст на основа на детален бизнис план за инвестицијата.

**Фондот за иновации и технолошки развој** (ФИТР) имплементира две програми, и тоа третиот столб од Планот за економски развој и Програмата за поддршка за развој на вештини и иновации финансирана од Светска банка. Во 2022 година беа спроведени повици за ко-финансирани грантови за старт-ап и спин-оф, и ко-финансирани грантови за комерцијализација на иновации во соработка со Светска Банка. Исто така, активностите на ФИТР придонесуваат за реализација на Националната стратегија за развој на мали и средни претпријатија 2018 - 2023 година (усвоена во март 2018 година), Потпрограма 3.2: Подобрување на науката, технологијата и иновациите за развој на мали и средни претпријатија со фокус на зајакнување на иновациите.

**Акцелераторите** како што се Акцелератор УКИМ (Скопје), Сеавус Акцелератор (Скопје) и Акцелератор Х Фактор (Велес), ЦЕЕД (Скопје), но и организациите Преда Плус од Битола и Акцелераторот во Охрид нудеа дополнителни механизми за поддршка на претприемачите бизниси. Но, и покрај достапните програми, пристапот до финансии во 2020 година претставува еден по поголемите проблеми во секторот на ММСП. Ова ги потврдува и заложбите на Start Up Македонија за зголемување на финансиската писменост кај

претприемачките фирми и спроведување на низа обуки и настани за подигање на свеста и стекнување на вештини кај вработените.

# 8. Зелена економија, општествена одговорност

## 8.1 Зелена економија

Истражување спроведено во јуни 2022 година опфати 65 компании во Северна Македонија, пред се од секторите производство, трговија на големо и мало. Испитаниците беа менаџери одговорни за секојдневното деловно работење. Истражувањето опфати три главни области: општи податоци за компанијата, свесност на менаџерите за концептот на циркуларна економија и имплементација на принципите на циркуларна економија.[xxv]

Студијата покажа дека 48 од 65 анкетирани бизниси биле постари од 10 години, а 17 биле помалку од 10 години. Дополнително, 23 компании се класифицирани како мали, 31 како средни и 11 како големи. Поголемиот дел од менаџерите имале над 10 години работно искуство.

Во однос на свеста за циркуларната економија, 5% од испитаниците се сметаат себеси за експерти за циркуларна економија, додека 29% биле информирани, 46% малку знаеле, а 20% не слушнале за тоа. Само 15% од компаниите беа вклучени во циркуларната економија, а само 25% планираа да ги имплементираат концептите на циркуларна економија. Финансиските и економските бариери беа идентификувани како најзначајни предизвици за спроведување на циркуларната економија, а само 35% од компаниите веруваа дека нивниот постоечки бизнис модел дозволува промена кон циркуларна економија.

Испитаниците веруваат дека приходите (39%) и продуктивноста на ресурсите (19%) се примарните придобивки од циркуларната економија. Само 21% од испитаниците посетувале семинари или обуки за подобро разбирање на концептот и принципите на циркуларната економија. Дополнително, само 21% од испитаниците веруваат дека владата во Северна

Македонија презела доволно мерки за подобрување на имплементацијата на циркуларната економија.

Како заклучок, студијата открива ниско ниво на имплементација на циркуларна економија кај компаниите во Северна Македонија, со идентификувани бариери и потреба од зголемена свест и поддршка за поттикнување на усвојувањето. Истражувањето предложи мерки како што се зголемување на еколошката култура, вмрежување, мрежна поддршка на побарувачката, подобрување на знаењето и владина поддршка за промовирање на спроведувањето на циркуларната економија. Идните студии би можеле да истражат начини за подобрување на конкурентноста на компанијата преку кружни решенија.

### 8.2 Општествената одговорност

Општествената одговорност претставува одговорност на претпријатието за влијанието на неговите одлуки и активности врз општеството и животната средина.[12] Одржливиот развој вклучува три взаемно зависни и испреплетени димензии:

• Економска димензија (економски ресурси, развој и раст)

• Димензија на животната средина (природни ресурси, заштита и одржливо користење на природата и превенција и борба против загадувањето)

• Социјална димензија (социјални ресурси, солидарност и борба против сиромаштијата).[13]

---

[12] https://konekt.org.mk/klub-na-odgovorni-biznisi/shto-e-oop/

[13] Национална стратегија за одржлив развој, https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/Predlog-Nacionalna-Strategija-za-Odrzliv-Razvoj-vo-RM-DEL-I.pdf

Република Северна Македонија има донесено Среднорочна стратегија за општествена одговорност за период 2019-2023 година. Согласно истата, претпријатијата а особено микро, малите и средните, ја надминуваат фазата на подигање на јавната свест за развојот на општествена одговорност и имаат потреба од понапредна поддршка во нејзината примена.

Со цел поддршка на општествено одговорни бизниси и Целите на одржлив развој, во 2022 година беа одржани се обуки за борба против корупција, па компаниите дел од тие обуки полесно ја препознаваат и знаат да се заштитат од корупцијата. Најголем дел од обучените компании припаѓаат на микро, мали и средни компании преку образовните програми на АПП и други институции и граѓански организации, види стр. 73.

Понатаму, Координативното тело за општествена одговорност на претпријатија и Министерството за економија на Република Северна Македонија во 2022 година спроведе Национална награда за најдобри општествено одговорни практики со што директно влијаат на подигнување на свеста за оваа тематика на ММСП. Наградите се однесуваат на неколку операции од операциите на компаниите и тоа: однос кон вработените, етичко управување, односи на пазарот кон снабдувачите, потрошувачите или купувачите; однос кон животната средина како и вложување во заедницата.[14]

[14] Достапно на: https://economy.gov.mk/mk-MK/news/oglasi-2980.nspx

Користена литература

АВРСМ, 2022. Анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот во РСМ за 2022 година.

АВРСМ, 2022. Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2022 година.

АВРСМ, 2022. Годишен извештај за 2022 година.

Годишна информација за плаќањата во Република Северна Македонија во 2022 година, НБРСМ.

Државен завод за статистика на Република Северна Македонија. МАКСтат - база на податоци. 2022. https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

Еуростат. 2023.

Занаетчиска комора Скопје. 2023.

Закон за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/2005).

Закон за трговски друштва (Службен весник на РСМ, бр. 28/2004).

Статистички билтен на Централен регистар 2023.

Макстат. 2023. Државен завод за статистика.

Годишен извештај за 2022 година. Министерство за финансии на РСМ.

Народна банка на Република Северна Македонија, 2023. Годишен извештај за 2022 година.

Национална стратегија за иновации 2012-2020, Министерство за економија на РСМ.

Национална стратегијата за конкурентност со акционен план на македонската економија 2016-2020, Министерство за економија на РСМ.

Национална стратегија за развој на занаетчиството и акционен план 2012-2020, Министерство за економија на РСМ.

Преглед на е-трговијата во Република Северна Македонија и споредба со регионот и европските земји 2023.

Стратегија за развој на женско претприемништво во РМ (2019-2023), Министерство за економија на РСМ.

Светска банка, 2023. Economy profile of North Macedonia.
INTERNATIONAL MONETARY FUND. (2023). WORLD ECONOMIC OUTLOOK.

---

[i] Одлука за утврдување на стратешките приоритети на владата на република северна македонија за 2024 - 2028 година, службен в. на р.м. бр:256/2023 од 05.12.2023

[ii] World bank. 2023. Western Balkans Regular Economic Report.

[iii] ILO. 2023. Decent work country programme 2023–2025 North Macedonia.

[iv] OECD. 2022. SME policy index Western Balkans and turkey 2022. assessing the implementation of the small business act for Europe.

[v] 2023_indexofeconomicfreedom-north-macedonia.pdf

[vi] European Union Intellectual property office. 2022. 2022 intellectual property SME scoreboard isbn 978-92-9156-324-1.

[vii] Влада на Република Северна Македонија, Нацрт национална стратегија за интелектуална сопственост за 2022 – 2026.

[viii] Програма за економски реформи на владата 2022-2024.

[ix] Претседател на Република Северна Македонија. 2022. Рамка за развој на Република Северна Македонија република северна македонија: МКД 2030.

[x] Националната стратегија за МСП (2018-2023)

[xi] Стратегија за развој на женско претприемништво во РМ 2019– 2023

[xii] Стратешки план 2022 – 2024. Министерство за економија на Република Северна Македонија. 2022.

[xiii] Извештај за спроведување на годишниот план за работа за 2022 година. Министерство за економија на Република Северна Македонија.  2023.

[xivxiv] IMF. 2023. WEO Update.

[xv] Извештај за финансиската стабилност во Република Северна Македонија во 2022 година. 2023. НБРМ.

[xvi] Годишен извештај за 2022 година. 2023. Народна банка на Република Северна Македонија.

[xvii] Завод за статистика на Република Северна Македонија. 2023. Соопштенија. Достапно на www.stat.gov.mk

[xviiixviii] Северна Македонија во бројки, 2023. Државен завод за статистика.

[xix] Централен регистар на република Северна Македонија. 2023. Отворени статистички билтен. достапно на https://www.crm.com.mk/mk/otvoreni-podatotsi/statistichki-bilten

[xx] North Macedonia 2023 Report. 2023. Accompanying the document communication from the commission to the European Earliament, the Council, the European economic and social committee and the committee of the regions. Communication on EU enlargement policy.

xxi 2023 Investment climate statements: North Macedonia. достапно на https://www.state.gov/reports/2023-investment-climate-statements/north-macedonia

[xxii] Извештај на аврсм за 2022 година. 2023. АВРСМ.

[xxiii] АППРСМ –Годишен извештај (јануари – декември 2022). 2023. АППРСМ. Достапно на http://www.apprm.gov.mk/AnnualReport.

[xxiv] план за фискална одржливост и поддршка на економскиот раст: политики, препораки, мерки и индикатори. 2022. министерство за финансии. достапно на: линк

[xxv] Risteska, A. & Gveroski., M. 2002. Circular economy – barriers and challenges. doi 10.20544/horizons.a.30.1.22.p02.